## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Триесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 ноември 2008 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,31 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам 32-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Оливер Шамбевски, Зоран Петрески, Петар Поп Арсов, Јован Лазаров, Александар Николовски, Иван Стоиљковиќ, Томе Даневски, Павле Трајанов, Томе Чинговски, Игор Ивановски, Владо Бучковски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Флора Кадриу, Али Ахмети, Хисен Џемаили, Теута Арифи,Талат Џафери, Вулнет Ахмети, Феми Јонузи, Христине Рунтева, Имер Селмани, Сулејман Рушити, Фијат Цаноски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

За седницата известени и поканети се Претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, членовите на Владата на Република Македонија.

Записниците од 13-та, 14-та, 15-та, 17-та, 19-та и 20-та седница на Собранието ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? Нема пријавено дека некој има забелешки на записниците.

Со оглед на тоа констатирам дека записниците од 13-та, 14-та, 15-та, 17-та, 19-та и 20-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе Законот за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Џелал Бајрами:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници,

Со оглед на тоа дека не се работи за обемен и сложен закон, согласно член 170 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија предлагам овој закон да се донесе по скратена постапка. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе законот за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување го ставам на гласање.

Молам, пратенците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Службите да утврдат точен број на пратеници присутни во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Нема доволен број на пратеници во салата за да преминеме на гласање.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Во салата има доволен број на пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, од нив за Предлогот гласаа 56 пратеници, воздржани нема, против 2 пратеници.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Бидејќи Собранието одлучи Законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на член 171 став 1, од Деловникот на Собранието, ги задолжувам Комисијата за труд и социјална политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по Предлогот на законот.

За да можам врз основа на член 151 став 2 од Деловникот на Собранието да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на комисиите, ги молам претседателите на комисиите да ме известат за датумот на одржување на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој Предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по скратена постапка да се донесе законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

Има збор заменикот минситер за финансии, повелете.

**Недим Рамизи:** Благодарам претседателе,

Согласно член 26 од измените и дополнувањата на системскиот закон за буџетите, Собранието на Република Македонија за извршување на Буџетот на Република Македонија донесува посебен закон.

Се предлага донесување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година како пропис за дефинирање на процедурите за управување и извршување на буџетите и буџетските корисници.

Со оглед на тоа што се исполнети сите случаи утврдени во членот 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија овој закон се предлага да се донесе по скратена постапка, бидејќи не се работи за сложен и обемен закон и дека не се во прашање сложени и обемни

усогласувања со законот и со правото на Европската унија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година . . .

Процедурално бара госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи дополнувањето на оваа седница со оваа точка на дневен ред, но уште еднаш сакаме да изразиме незадоволство пред се од начинот и содржината на Деловникот кој беше донесен во отсуство на опозицијата.

Имено, и оваа точка Законот за извршување на Буџет која денеска ја поставуваме на дневен ред покажува апсурдност и нелогичност на голем број одредби од Деловникот.

Имено, во Деловникот постои посебна точка 15 од Глава 9 или не е важно која, се однесува на посебна постапка за донесување на Буџет на Република Македонија и завршна сметка.

Меѓутоа, во брзината на донесување на Деловникот, оние кои го пишувале, секако по наредба на влдеачкото мнозинство немале предвид дека има одредени закони кои се нераскинливо врзани со донесување на Буџетот, како што впрочем е и овој закон за извршување на Буџетот. Значи, еден без друг тие не можат да одат.

Затоа укажуваме дека законот за извршување на Буџетот треба да се донесува во иста постапка како што се донесува и Буџетот затоа што се нераскинливо врзани.

Уште еднаш, потврдувајќи ја определбата дека навистина не сакаме да кочиме донесување на Буџетот и се она што е од витален интерес на државата, ќе го поддржиме дополнувањето на оваа седница со оваа точка и уште еднаш укажуваме на потребата од пристапување на измени и дополнувања на Деловникот за работа на ова Собрание. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Процедурално господинот Жерновски Андреј, повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе,

Сакам најостро да протестирам што две точки од дневниот ред се предложени по скратена постапка.

Сакам да поставам прашање бидејќи вие бевте тој што се извинувавте, дали нас ни значат нешто извештаите на Европската комисија, сакам да ви кажам дека утре во Париз се одржува Комисија на мониторинг, фактички средба каде што на дневен ред е Извештајот за Македонија. Од оправдани причини, јас не можам да коментирам сега таква е процедурата но ве уверувам од она што го видов дека сите забелешки што се нови 90% се за постапките кои што се случуваат во ова Собрание, затоа што идат од страна на Владата предлози по скратени и по итна постапка. И тој текст кога ќе го видите, почитуван претседателе, ќе видите како всушност функционира Парламентот и како нашите пријатели од Стразбур го гледаат овој парламент.

Сакам да ве прашам дали ние и понатаму ќе усвојуваме предлози по скратена постапка и по итна постапка или ќе кажеме на Владата на Република Македонија дека вака не може повеќе. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам колега.

Но сепак овие прашања ги расчистивме на координација, но жалам што поголем дел од координациите вие не присуствувате, но сепак тоа е ваше право. Ние, поготово за Законот за извршување на Буџетот за можноста во исто време да бидат донесени и Буџетот и Закон за извршување на буџет, налага овој закон да биде ставен на оваа седница по скратена постапка, инаку ќе се гледа истиот ден кога ќе се усвојува Буџетот на Република Македонија.

Предлогот на Владата по скратена постапка да се донесе законот за извршувње на Буџетот за 2009 година, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, од нив за предлогот гласаа 62 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, 2 гласаа против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Бидејќи Собранието одлучи Законот да се донесе по скратена постапка, врз основа на член 171 став 1 од Деловникот на Собранието ги задолжувам Комисијата за финансирање и буџет како матично работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по Предлогот на законот, за да можам врз основа на членот 151став 2 од Деловникот на Собранието, да ги известам пратениците за рокот за поднесување на амандмани за седниците на комисиите.

Ги молам претседателите на комисиите да ме ивестат за датумот за одржување на седниците на комисиите на кои ќе го разгледуваат овој Предлог на закон.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата, предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за именување на претседател и членови на одборот за пидигање меморијален споменик на Тодор Проески во Крушево и Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување Државната награда “Гоце Делчев”.

Предлозите ви се поделени.

Заради рационалност претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ќе ги образложи двата предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја

образложни основната и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата господин Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Предлагам Предлог-одлуката за именување на претседател и членови на Одборот за подигање на меморијален споменик на Тодор Проески во Крушево и Предлог Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на Државна награда “Гоце Делчев”, што Комисијата за прашања на изборите и именувањата ги утврди на седницата одржана на 17 ноември 2008 година, Собранието да ги разгледа на оваа 32-ра седница, имајќи во предвид дека Одборот за подигање на меморијален споменик на Тодор Проески во Крушево, согласно Законот за меморијалните споменици и спомен одбележја, е тело за спроведување на постапка за подигање на меморијален споменик, поради што е потребно Собранието да ја донесе предложената одлука на оваа седница со што ќе се започне и постапката предвидена во Законот.

Предлог одлуката за именување и разрешување на претседастел и членови на Одборот за доделување на Државната награда “Гоце Делчев”, Собранието на Република Македонија треба да ја донесе на оваа седница заради тоа што составот на одборите за доделување на наградите се именуваат на две години.

Со оглед на тоа што мандатот на постојниот состав на Одборот за доделување на наградата “Гоце Делчев” истекува, а со цел навреме да почне постапката за доделување на наградата потребно е Собранието на оваа седница да ја донесе предложената одлука.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за именување на претседател и членови на Одборот за подигање на меморијален споменик на Тодор Проески во Крушево да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници, сите 70 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата за Предлог одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на Државната награда “Гоце Делчев”, да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа вкупно 66 пратеници, од нив за предлогот гласаа сите 66 пратеници, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Пратениците Илија Димовски, Силвана Бонева, Рафиз Алити, Роза Топузова Каревска, Цветанка Иванова, предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за основање постојани работни тела на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Молам претставникот на предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот на одлуката да биде разгледана на оваа седница.

Има збор пратеникот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе,

Предлог одлуката за дополнување на Одлуката за основање на Постојани работни тела на Собранието на Република Македонија предлагам Собранието да ја разгледа на оваа седница имајќи го во предвид значењето на процесот на децентрализација кој се одвива во Република Македонија како и на значењето на следењето на тој процес од страна на Собранието.

На потребата од основање на посебно работно тело на Собранието како постојано работно тело на неколку наврати со свои дописи до Собранието укажуваше и Заедницата на единиците на локална самоуправа. Секое натамошно одолговлекување на основањето на Комисијата за локална самоуправа како посебно работно тело на Собранието би било спротивно од процесот на децентрализацијата поради што предлагам со оваа одлука да се дополни предложениот дневен ред на Собранието за 32-та седница.

Имено, самата одлука е поддржана во својата почетна фаза од сите пратенички групи на Собранието. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на пратениците Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на пратениците е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Одборот за подигање меморијален споменик на Тодор Проески во Крушево;

2. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на Државната награда “Гоце Делчев”;

3. Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија;

4. Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија - медицински тим за учество во мировна операција во Авганистан;

5. Предлог на закон за социјална заштита од енергетска сиромаштија - И читање;

6. Предлог на закон за изменување на Законот за Фондот за осигурување на депозити - И читање;

7. Предлог на закон за дополнување на Законот за  пензиското и инвалидското осигурување - скратена постапка;

8. Предлог на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година - скратена постапка.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Ги повикувам пратениците кои имаат предлози за изменување или дополнување на дневниот ред да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавено за збор, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

По предложениот дневен ред вкупно гласаа 70 пратеници, од нив за гласаа сите 70 пратенци, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Пред да преминеме на расправа по точките од дневниот ред ве потсетувам дека согласно член 80 ставови 2 и 3 од Деловникот на Собранието пратениците да се пријават за збор во рок од една минута по отворањето на претресот.

Предлагачот и координаторите на пратеничките групи можат дас се пријават за збор и во текот на претресот.

Листата на пратениците не може да се менува и дополнува во текот на претресот.

Едновремено ве известувам дека согласно член 85 став 3 од Деловникот на Собранието, пратеникот кој се пријавил за збор, а не е присутен во салата кој е пловикан да говори, го губи правото на збор за претресот за кој се пријавил и не може повторно да се пријави за истиот претрес.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути, известителот на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија 10 минути, координаторот на пратеничката група и предлагачот, може да говорат повеќе пати, но не повеќе од 15 минути вкупно.

**Минуваме на точката 1. - Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Одборот за подигање на меморијален споменик на Тодор Проески во Крушево.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека општата расправа е завршена.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, од нив за предлогот на одлуката гласаа сите 67 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување на престедател и членови на Одборот за подигање меморијален споменик на Тодор Проески во Крушево.

**Минуваме на точката 2 - Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда “Гоце Делчев”**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата распарва по Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека општата расправа е завршена.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, од нив за Предлогот на одлуката гласаа сите 69 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување на престедател и членови на Одборот за доделување на државаната награда “Гоце Делчев”.

**Миниваме на точката 3 - Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека општата расправа е завршена.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници, од нив за Предлогот на одлуката гласаа сите 70 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за

основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точката 4 - Предлог на одлука за испраќање на едница на Армијата на Република Македонија - медицински тим за учество во мировна операција во Авганистан.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата распарва по Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јавија заменик министерот за одбрана господинот Горан Мисовски, господинот Сугаревски Горан и господинот Незири Сафет.

Има збор заменик министерот за одбрана, повелете.

**Емил Димитриев:** Почитуван претседателе, почитувнаи пратеници,

Согласно Законот за одбрана, потребно е Собранието да донесе одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија, во овој случај медицински тим што, заедно со медицинскиот тим на Кралството Норвешка ќе учествуваат во меѓународните сили за безбедност во Авганистан, што треба да биде реализиран, односно едниците треба да бидат заминати во периодот 10-17 декмври.

За составот на едниците сакам да кажам дека за прв пат учествуваме со вакво високо ниво на медицински тим, бидејќи во составот на овој медицински тим учествуваат тројца лекари, од кои двајца хирурзи и еден анестезиолог, и три медицински сестри , од кои две хируршки сестри и една анестезиолошка сестра.

Овој медицински тим претходно беше на обука во Кралството Норвешка со цел да се запознае со доктрините на работењето на нивните медицински лица и што ќе придонесе за подобра синхронизиране и координирана работа , бидејќи нашиот медицински тим ќе учествува со работа и со своите задачи заедно со Норвежаните во северниот дел на Авганистан, во градот Мејамана и целата логистичка подршка на нашиот медицински тим ќе ја имаат од Кралството Норвешка.

Степенот на ризик на оваа операција се смета од низок до среден степен, бидејќи навистина на северот и нема баш некои големи воени дејствија.

Самата мисија има и афирмативен карактер, бидејќи за бенефитот што го има Република Македонија со учеството во меѓународните мировни операции доста е зборувано, па сметаме дека со ова дополнително ќе помогнеме во јакнењето на интероперативноста на нашите сили, со силите на останатите земји членки и нечленки на НАТО, бидејќи интероперативноста е нешто што е најбитно за наше партнерско интегрирање во НАТО.

Тоа што сакам да кажам е дека време траењето на оваа мисија ќе биде 3 години, со ротација на секои 6 месеци. Финансиската конструкција во делот на плати ќе биде на товар на Министерство за одбрана. Меѓутоа, Кралството Норвешка отиде до таму, бидејќи тие ја знаат подготвеноста на нашите медицински лекари и тие ќе учествуваат со целокупна логистика, дури и со одредена финансиска помош на нашите медицински лица.

Сакам да го информирам Собранието, бидејќи може да се постави прашањето за останатите мисии, дека Министерство за одбрана веќе изготви информација што ќе биде ставена во владина процедура и верувам дека многу наскоро ќе дојде и на дневен ред на Собранието, со што ќе го информираме Собранието со една информација за сите мисии што во моментов ги има Армијата на Република Македонија, за сите проблеми со кои што се соочуваме и генерално сосотојбата со мисиите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Мисовски Горан, повелете.

**Мисовски Горан:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер за одбрана,

Еве сакам веднаш од името на пратениците на НСДП да дадам веднаш подршка за испраќањето на еднinformацата на Армијата на Република Македонија медицински тим во мировната операција во Авганистан. Тоа, впрочем, ние пратениците во континуитет го правиме. Секој пат ова Собрание носело позитивна одлука за испраќањето на нашите војници во мировните мисии.

Сакам исто така со вас да го споделам задоволството како пратеник, како пратеници кои активно учествуваме во таа меѓународна соработка на Република Македонија, каде што секаде и во седиштето на НАТО и во Брисел и во државите кои што го имаат клучниот збор во НАТО говоревме со респект дека Република Македонија како држава е лидер во реформите во однос на останатите членки аспиранти за НАТО. Но, за жал сите други членки аспиранти влегоа, само Република Македонија не успеа да влезе.

Исто така со задоволство говоревме дека имплементацијата на Рамковниот договор во Министерство за одбрана и во Армијата е во завршна фаза. Оние 2% кои што ги имавме застапеност на етничките заедници некаде во во 2002 година, сега го достигнавме тој процент некаде преку 25-26% .

Исто така, со задоволство констатиравме дека во месец јуни 2006 година за прв пат го пративме нашиот најголем воен контингент од тогашните 90 војници во мисијата ИСАФ во Авганистан, што пративме силна порака до светот и до меѓународната заедница дека Република Македонија е навистина подготвена да се соочи со најголемите предизвици, особено во областа на одбраната и безбедноста.

И тоа е се во ред, почитуван заменик министер, но не можам да не констатирам дека во последните две години чудни работи се случуваат во Министерство за одбрана. Владата на Република Македонија во континуитет ги крати средствата на Министерство за одбрана и на Армијата. Македонија го напушти концептот национален, договорен со Брисел за одвојување на 2,3% од бруто домашниот производ на Република Македонија за да се сведеме во континуитет во овие две години на некаде под 2, некаде 1,7-1,8% . Ниту министерот Коњановски, ниту вие како заменик министер воопшто не реагиравте по последната одлука за пренамена на средства каде што во Министерството за одбрана ви беа одземени 360 милиони денари. Ова, почитуван заменик министер се случува во континуитет.

Морам да ве вратам назад со една иста ваква Одлука во 2007 година, кога од Министерство за одбрана беа одземни 620 милиони денари. Ние, како пратеници од НСДП воочувавме и тогаш, кога бевме во владината коалиција со ВМРО ДПМНЕ дека правиме погрешен политички чекор и дека Министерство за одбрана ќе го доведеме во состојба да не може да ги исполни постапките за набавка на опрема, особено набавката на опрема на тактичкиот тим за операции што директно е поврзан со нашите мировници во мировните операции во Авганстан и во Босна.

Исто така, сакам да ве потсетам дека набавката на оваа опрема беше пријавена во ноември 2007 година на претставниците на НАТО на проценакта на Годишната национална програма за членство и потврдена на состанокот во Брисел, точно ќе ви го дадам датумот 10.12.2007 година.

Во јануари 2008 година, на Конференцијата на НАК македонската делегација се соочила со прашања на кои што не можела да даде одговор-зошто во контунуитет Владата на ВМРО ДПМНЕ ги крати средствата во Министерство за одбрана и во Армијата.

Јас како пратеник, почитуван заменик министер имам право да си го поставам прашањето дали кратењето на финансиските средства во континуитет е вовед во планот Б - Република Македонија никогаш да не влезе во НАТО? Дали планот Б значи комплетна изолација на Република Македонија..

**Трајко Вељаноски:** Колега ве молам по точката Одлука за испраќање на единицата..

**Горан Мисовски:** Апсолутно претседателе по точката говорам.

**Трајко Вељаноски:** Инаку за пратенички прашања има закажано седница на 27 ноември. И, ве молам по точката на дневниот ред, повелете.

**Горан Мисовски:** Господине претседателе,

Сакам и вас да ве информирам дека согласно новиот пакет партнерски цели до крајот на 2013 година значи дека секое кратење на средствата од буџетот на Армијата може да доведе до многу непријатна состојба. Дали некој го предвидувал ова или дали некој свесно тоа го прави?

Ова што го говорам е директно поврзано со точката заради тоа што кратењето на финансиските средства во Министерство за одбрана и во Армијата се доведува во директна корелација со опстанокот на нашите мисии и во Авганистан и во Босна. Говорам директно на темата.

Недостатокот на средствата можеме да го поврземе и со она што ни се случи, почитуван заменик министер на 12.1. 2008 година кога по трагичниот настан, при падот на хелихоптерот 11 мировници го загубија животот. Извештајот се уште не е дојден на седница на Влада, иако има најави дека овие денови Владата ќе го разгледува. Јас како пратеник од НСДП имам покренато иницијатива. Очекувам по разгледувањето на извештајот на владината седница ќе дојде и на собраниска седница, но со цел респект и почит, но и со можност да преземам некаква одговорност на себе, со сите информации со кои што располага и со се она со што се шпекулира во овие денови, едноставно како пратеник можам да констатирам дека извештајот ќе биде крајно необјективен.

Ова се состојби што се случуваат во Министерство за одбрана во континуитет, некаде од крајот на 2006 година до денешен ден.

Уште еднаш сакам да повторам дека како претставник на НСДП ќе дадеме подршка за испраќањето на медицинскиот тим во мисијата ИСАФ во Авганистан. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас многу.

Има збор господинот Сугарески Горан, повелете.

**Горан Сугарески:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, почитуван заменик министер за одбрана,

На почетокот би сакал да кажам дека пратеничката група на СДС ќе ја подржи оваа предлог одлука за испраќање единица на Армијата на Република Македонија, односно медицинскиот тим за учество во мировната мисија во Авганистан, во мировната операција, како што и претходно биле подржани сите вакви предлог - одлуки кога биле испраќани вакви мисии.

Меѓутоа, тука сакам да прашам, гледам претседателот на Комисијата за одбрана и безбедност не е присутен во салава. Станува некако општа пракса, кога доаѓаат вакви предлог одлуки, не поминуваат низ матичните тела на Собранието, односно низ телото каде сум и јас член, а тоа е Комисијата за одбрана и безбедност. Баш би сакал да слушнам и од претседателот , доколку вие можете да ми одговорите зошто овие предлог- одлуки не доаѓаат прво на матичното тело каде би се разгледувале и би се дало мислење до ова Собрание на Република Македонија, се со цел да членовите претходно бидат запознати од тоа

матично тело со сите овие предлог-одлуки каде ги испраќаме овие тимови во мировните операции не само во Авганистан, исто така во Ирак, во Босна и Херцеговина итн.

Во излагањето на заменик министерот слушнавме дека е во план да се испрати информација, извештај за сите проблеми што ги имаат овие сили или мисии, па би било добро и пожелно колку што може таа информација побрзо да стигне во Собранието на Република Македонија, се со цел пратениците да бидат запознати со сите проблеми и нормално, да се отвори расправа по сите тие проблеми што ги имаат во тие мировни мисии или мировни операции.

Уште еднаш да потенцирам, пратеничката група на СДС ќе даде подршка на оваа предлог-одлука.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Незири Сафет, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине претседател, почитувани колеги пратеници,

Како и секогаш и денес ДУИ ќе го подржи ова испраќање на единици на Армијата на Република Македонија, односно медицинскиот тим за учество во мировната операција во Авганистан. Што значи, Република Македонија уште еднаш се докажува како држава со демократска ориентација за инсталирање на едно општество со човечки и прогресивни вредности каде што правната држава е над се. Република Македонија со ова се докажува дека е дел од Сојузот на демократски држави и не случајно Република Македонија без оглед на предизвиците со кои што се соочува во последно време, сепак Република Македонија и нејзината Влада и државните институции се одлучни и понатаму да продолжат со нивното учество во сите држави и земји каде што има потреба да учествува Северноатланскиот сојуз, односно НАТО. Не случајно Република Македонија сега засега е присутна во три држави во светот, почнувајќи од Авганистан, продолжувајќи во Ирак и завршувајќи во Босна и Херцеговина. Само по себе присуството на Република Македонија докажува дека Република Македонија и реформите кои што се направени во Армијата на Република Македонија докажуваат дека Македонија навистина е подготвена да одговори на сите предизвици со кои што би можела да се соочи во сегашноста и во иднина. Не случајно го спомнувам ова, затоа што само по себе со тоа што имаме голема подршка, почнувајќи од САД, и од другите земји кои што се учесници во Северноатланскиот сојуз, Република Македонија со самиот позитивен одговор се докажува дека е за продемократска ориентација за инсталирање во овие општества кои што навистина се такви општества. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа е завршена.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање единица на Армијата на Република Македонија-медицински тим за учество во мировна операција во Авганистан.

**Минуваме на точка 5 - Предлог на закон за социјална заштита од енергетска сиромашија - И читање**

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за труд и социјална политика како матично работно тело и на Законодавно-правна комисија, ви се доставени односно поделени.

Отворам општа расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по општата расправа по Предлогот на законот, да се пријават за збор.

За збор се јавија господиниот Јани Макрадули, госпоѓата Радмила Шекеринска, господинот Горан Мисовски, госпоѓата Цветанка Иванова, господинот Менде Диневски, госпоѓица Маринела Тушева, господинот Горан Сугарески, господинот Горан Минчев, госпоѓата Соња Мираковска, госпоѓата Славица Грковска Лошкова, господинот Миле Андонов, госпоѓата Весна Бендевска, госпоѓата Роза Топузова Каревска, господинот Аднан Јашари, господинот Никола Ќуркчиев, госпоѓата Станка Анастасова, господинот Емилијан Станковиќ, господинот Андреј Петров и господинот Марјанчо Николов.

Има збор господинот Јани Макрадули кој е истовремено овластен претставник на предлагачите, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Најпрво, да изразам и задоволство и разочарување во овој момент, бидејќи задоволство што конечно на седница на Собранието ќе позборуваме за еден од покрупните проблеми во Република Македонија, а тоа е да се обидеме да најдеме решение за 60 илјади домаќинства кои што во овој момент не можат да скрпат крај со крај во текот на еден месец, а не да ја плаќаат поскапата електрична енергија што ја имаат. Но, да изразам и разочарување, затоа што очигледно не сме спремни за дебата во ова Собрание, освен еден пратеник од ДУИ од позицијата никој друг, особено од ВМРО-ДПМНЕ не е пријавен овде во Собранието да зборува. Да изразам и разочарување од неточниот и невистинит извештај од Законодавно-правна комисија кој што согласно Деловникот требаше да ја апсорбира дебатата за одреден закон, а таму на мое изненадување и разочарување еден пратеник од ВМРО-ДПМНЕ вика, јас да го кажам ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа најдобро зборува дека ние не сме спремни ниту за овој Деловник, ниту сме спремни да ја поправиме единицата од демократија во Република Македонија.

Второ, да кажам дека во Извештајот што го пишува Законодавно-правна комисија има реченици кои што никој не ги кажал, никој ниту зборуваше за енергетската криза, за растот на индустриското производство и за инфлацијата наводна. Тоа е невистина и за тоа одговара тој што е овде потпишан, а тоа е госпоѓа Благородна Дулиќ. Да изразам и разочарување што Законодавно-правна комисија во своето образложение зошто овој закон не е согласно Уставот. Цитира член од Уставот по кој што ниеден правник во Република Македонија, освен оние од ВМРО-ДПМНЕ што гласаа во таа Комисија, така го толкуваат. Имено, во Уставот јасно стои дека државата се грижи и води политика за социјално најзагрозените, со закони. Единствени пратениците до ВМРО-ДПМНЕ можат да го протолкуваат тоа дека е законот за социјална заштита, а не било кој друг закон. Но, да одиме по ред. Во кои услови се води дебата, да потсетам за потребата од носење на ваков закон.

Прво, Законот за енергетика кој што го изгласа парламентарното мнозинство, закон неусогласен со европските директиви, закон со кој што се овозможи заради нестручното и несовесно работење во ЕЛЕМ и МЕПСО да поскапи електричната енергија, односно сите граѓани во Република Македонија да плаќаат поскапа струја.

Второ, за разлика од сите менаџери на енергетските компании во регионот кои што донесоа одлука за замрзнување на платите единствено господинот Чинговски донесе одлука да си ја зголеми платата за 20% после поскапувањето на струјата што го плаќаат сите граѓани во Република Македонија.

Трето, услови во кои се дебатира за потребата на овој закон е енергетската криза, евидентна во регионот освен се разбира за нашата Влада која сеуште ја чува главата зариена во песок за проблемите во државата. Ние сме земја која што заради конфигурацијата и структурата повеќе се грееме на струја, сме увозно ориентирана држава од електрична енергија и не можеме да останеме имуни на енергетските проблеми кои постојат во регионот. Покрај тоа оценката за нашата држава до кој степен е развојот на енергетиката најдобро стои во Извештајот на Европската унија страна 40 во заклучокот, цитирам: “во областа на енергетиката земјата не е соодветно подготвена”. Во нормални држави потпретседателот е одговорен за енергетска политика, поодамна ќе поднесеше оставка.

И третиот услов во кој што се дебатира за потребата на овој закон се тепани Роми пред ЕВН од страна на полицијата, цели албански села исклучени од системот за електрична енергија, многу нервоза, многу неплатени сметки, многу долгови кои што сите граѓани во Република Македонија ги имаат во овој момент кон снабдувачот со електрична енергија. И затоа, кон нас откако го доставивме овој предлог дојдоа во нашата канцеларија и Роми кои што беа тепани бидејќи ниеден од нивните претставници било во Владата било во Парламентот не се загрижи за она што им се случува, да го подржат нашиот предлог, се јавија многу Албанци кои што имаат редовно платено струја, ама заради целото село што е исклучено трпат последици, се јавија многу Македонци кои што се жалеа дека кога добиваат социјална помош од 2.371,00 денар тешко можат да ја платат поскапата за 16% електрична енергија. Кој зборува друг за потребите од носење на овој закон. Самата држава има обврска ако сака до оди во Европската унија, но тоа е мојата дилема, освен да ги злоупотребува во видеоспотови господинот Солана и Рен и Шефер и Фуере, што не знам дали тие имаат дадено дозвола за да се појават во ВМРО-вски спот, бидејќи на крај памет веројатно тоа не им паѓа, ние имаме обврска како држава која сака да стане членка на Европската унија, освен ВМРО-ДПМНЕ се разбира, согласно Директивата 54/03 да донесеме закон за заштита на семејствата од ценовниот шок односно закон за заштита од енергетска сиромаштија. Или, преку меморандумот за енергетска заедница на 18.10.2007 година во Виена, Република Македонија потпишала или станала потписник на договорот за основање на енергетска заедница за разбирање, за социјалните прашања во контекст на енергетската заедница.

Што велат искуствата од другите земји? Во повеќето земји членки на Европската унија ваков закон постои, постои во цел регион, во сите наши комшиски земји, во сите бивши земји со кои што бевме едно време заедно. Сите земји од регионот пристапуваат кон овој Предлог на закон сериозно и го донеле за да заштитат 60 илјади домаќинства. Или последниот пример, Британската влада прогласи 2,5 милиони домаќинства за енергетски сиромашни и за тоа им покриваат дел од трошоците. Експертите од Светската банка и Европската банка за обнова и развој истиот предлог го имаат дадено на Владата и во 2007 и на почетокот на 2008 година и самите министри и министерот за економија и министерот за финансии зборуваат за потребата од носење на ваков закон. Затоа денеска, да ве потсетам колеги пратеници, зборуваме дали има потреба од носење на ваков закон, дали има потреба за 60 илјади домаќинства во Република Македонија да обезбедиме месечни субвенции од 700 до 1000 денари за да им се покријат основните трошоци за електрична енергија во нивните домаќинства. За луѓе што добиваат 2,300 денари, 3,000, 4,000 денари ќе се сложите илјада денари не се малку за да плаќаат дел од основните потреби за електрична енергија. Потребата за носење на овој закон се наметнува и од условно кажано барањето на министерот кој вели дека нема законска основа. И затоа за жал, во Собранието имаме Буџет кој што не го решава ова прашање. Во Буџетот за 2009 година имаме 500 милиони денари за 300 двокатни автобуси во Скопје. Зборувам за 60 илјади домаќинства кои што се најзагрозени во овој момент. Наместо 300 автобуси и 500 милиони денари со овие средства можат да се покријат сите корисници на

социјална помош во Република Македонија. Да не зборувам за глупоста и трошењето на енормни пари во Ролт шоуто каде што премиерот Груевски се среќаваше со шефот на чуварите во Интел, а не се сретна со оние другите компании што ги пишува, освен што се сликаше надвор. Со тие пари што ги потрошија само за ова патување да се сретнат со чуварите во Америка ќе можеа да се покријат од втората категорија сите граѓани кои припаѓаат според нашиот Предлог на закон. Затоа во Република Македонија има и пари, за овој проект се потребни помалку од 1% од Буџетот што го имаме во Република Македонија. Во овој момент сметаме дека потребата за донесување на овој закон е поприоритетна и од Источната трибина на Градскиот стадион и од 300 автобуси и од третиот кат на Трговскиот центар. Во Република Македонија тешко се живее, во Република Македонија кога ќе стигнат сметките за електрична енергија ќе доживеат струен шок многу домаќинства. Затоа да повикам на сериозна дебата, а не на молчење за едно сериозно прашање во Република Македонија. Денеска треба да одлучиме, не како што невистинито зборува во Законодавно-правна комисија, бидејќи тоа ниеден правник нема така да го прочита. Денеска треба да одлучиме дали на 60 илјади домаќинства во Република Македонија има потреба државата да им исплаќа илјада денари за користење на електрична енергија секој месец, или парите да ги дадеме за Источната, за Западната трибина, или за 300 автобуси на Боцевски.

Уште еднаш на крај, за да оставам можеби малку време ако треба како предлагач да се јавам уште еднаш. Според нашите инфорамции во Владата се подготвува ваков проект. Со кој морал, лице и образ тогаш ќе седнете во клупите и ќе гласате за ист ваков предлог кој што ќе дојде од страна на Владата. Затоа имате шанса денеска да ја поправите единицата од демократијата. Не мора да зборувате, ама знаејќи дека ќе треба да гласате за ваков предлог од страна на Владата по еден месец, два, размислете дека некој ве гледа и дека верувал во вас до први јуни. За вашиот морален кредибилитет ќе зборуваме тогаш кога ќе дојде предлогот од Владата, да видиме како ќе се изјасните. А денеска да ве потсетам, гласаме за потребата на најзагрозените семејства во Македонија да им помогнеме, не да го одбегнеме тоа со фрази, неточни цитирања на Уставот, туку да им помогнеме и да можат да ја преживеат зимата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Господине претседателе, колеги пратеници,

Многу правила се споменуваат во политиката, ама едно правило ни се повторува по сто пати, а никако да го научиме. Тоа правило вели, дека ако еден проблем го потцениш, потоа ќе ти се врати само поскапо ќе те чини. Тоа мислам дека е насловот на односот на ова парламентарно мнозинство и оваа власт кон прашањето на енергијата, прашање кое го допира секој граѓанин на оваа држава, прашање кое го допира секое домаќинство во Република Македонија. Се потценуваше прашањето и тогаш кога испаѓаа блокови во РЕК Битола, се потценуваше прашањето и тогаш кога производството на електрична енергија во Македонија опаѓаше, се потценуваше прашањето и тогаш кога почнаа да се караат првите ВМРО-вски кадри во МЕПСО и во ЕЛЕМ и тогаш кога опозицијата тврдеше дека со новиот Закон за енергетика ефектот ќе биде поразителен  и за државата и за енергетскиот систем и најважно од се за џебот на граѓаните. Само едно потсетување, дека не повеќе од една година во нашиот електричен систем директорот, главниот човек на ЕЛЕМ тврди дека не се размислува за покачување на цената на електричната енергија. Грешка е. 17-ти јуни, до денеска, значи пред нешто повеќе од една година еве што беа најавите од ЕЛЕМ. Во меѓувреме стававме инекции и на пари во МЕПСО, додававме пари во ЕЛЕМ. ЕЛЕМ постојано бележеше загуби, произведуваше помалку струја, трошеше повеќе јаглен, а граѓаните сега веќе ја плаќаат цената на таквото недомаќинско и неквалитетно работење. Меѓутоа, сметам дека денеска е последната шанса, ако ништо друго да ги поправиме штетите, или да ги поправите штетите што веќе  ги нанесувате две години. Кога се предлага еден закон, особено овој пат закон предложен од група на пратеници, мораме да си поставиме неколку прашања. Првото и основно прашање е дали воопшто е потребен  ваков закон. Дури откако ќе го одговориме тоа прашање одиме на следните многу важни прашања. Дали може државата да си го дозволи ваквиот закон. Колку треба да се помага на семејствата. Кои семејства треба да бидат опфатени со ваквиот закон. На кој начин треба да им помогнеме да ги платат сметките за струја, а притоа да не отвориме можност за злоупотреба, криминал, или не дај боже корупција. Денеска за среќа не мора да ги одговориме сите овие пет прашања. Денеска треба да дадеме одговор на две прашања, а тоа е, дали на Македонија и треба овој закон и дали Македонија може да си дозволи закон од прилика во оваа форма?

Сметам дека ќе биде срамота до колку парламентарното мнозинство продолжи да се однесува на начин кој што го гледаме изминативе 24 месеци, а тоа е да слуша, да дофрлува евенуталнo, да молчи и да вели не. Зошто сметам дека е не само неопходно туку многу, многу актуелно носењето на овој закон.

Имено, законот го предложивме за прв пат пред повеќе од една година. Значи две години законов е на масите низ Собранието, и две години е актуелен. Затоа што од ден на ден сиромаштијата во Македонија се зголемува, од ден на ден трошоците на живот растат, а за несреќа голема на граѓаните цената на струјата

еднаш рипна, а веќе се најавува ново покачување во јануари месец. Патем речено пред само неколку месеци, вице премиерот кој од тогаш мислам и не се појавил во македонското Собрание, се обиде да не искара како пратеници и да ни каже дека секој ден неносење законот за енергетика чини 135 илјади евра дневно. Точно, седнал, не знам каква математика употребил, очигледно не е некоја позната ниту на економистите, ниту на математичарите, меѓутоа пресметал човекот 135 илјади евра дека секој ден Македонија губи. Епа, еве го му се услиши желбата, поминаа многу денови, до денешен ден изминаа некаде околу 83 дена, до денеска според неговата непозната математика ЕЛЕМ требаше да има заработено негдека околу 11 милиони евра. Со тие 11 милиони евра можеа да се надоместат загубите кој ЕЛЕМ тврди дека ги прави, и наместо секој граѓанин да плаќа поскапа струја, ако ништо друго сметките за струја да бидат помали 16% од тоа што се денеска.

Денеска одлуката која треба да ја донесме е дали повторно ќе потпаднеме под магијата на вице премиерот, и магијата на неколкумина пратеници на кои очигледно музиката им е поинтересна отколку проблемите на граѓаните кои ги избрале, или да се соочиме со реалноста. Реалноста вели дека македонските семејства се помалку можат да си дозволат да платат основно право, а тоа е правото на електрична енергија. Македонија во 1945 година, после две светски и две балканси војни, во таа Македонија луксуз беше да се има електрична енергија. Поминаа 50-тина години и во Македонија стана стандард да имате електрична енергија. Денеска оваа власт, власта на ВМРО-ДПМНЕ сака струјата да ја направи луксуз и да ни се случи еден по еден домаќинствата да се откажуваат од електрична енергија, да се откажуваат од загревање со помош на електрична енергија, или ако продолжат акциите на ЕВН, цели села и цели кватрови да остануваат без електрична енергија. Ако е тоа визијата за 21-от век која што ја нуди ВМРО-ДПМНЕ, тогаш мислам дека граѓаните навистина ќе се запрашаат што барате во оваа сала, и што барате во институциите кои што ВМРО-ДПМНЕ ги пополни.

Значи, ако погледнете кои се обврските што Македонија ги презела ќе прочитате дека и во Европската директива и во Европскиот договор кој што се потпиша пред неколку години и го потпишаа сите држави на овој регион, стои дека земјите членки ќе преземат мерки за соодветна заштита на чувствителните потрошувачи како и мерки за да им се помогне да не бидат исклучени. Значи ако веќе не сметате дека сте одговорни пред граѓаните, кои можат да останат без струја, или можат да останат без храна ако ги платат сметките за струја, тогаш барем бидеите одговорни пред обврските кои сме ги презеле согласно овој европски енергетски договор.

Имено, во секоја држава едно правило важи, пред да се одлучите да ја поскапувате струјата, пред да се одлучите да одите чекор напред кон наводна либерализација на пазарот прво нешто што се прави е да ги заштитите тие кои треба да ја платат таа либерализирана цена, да го платат тој пазар на електрична енергија.

За жал. до овој момент немаме никаков план ниту најава што ќе се случува со овие семејства. Од 2007 година, од моментот кога СДСМ го поднесе Предлогот за заштита од енергетска сиромаштија секој втор ден добивавме најави од тогашната министерка која се прослави со неколку тендери госпоѓата Вера Рафајловска дека еве следната недела Министерството за економија ќе го подготви законот. Поминаа неделите, поминаа месеците, помина и тој министер до ден денеска таков закон од Владата не добивме. Дури и овие денови најавите од Министерствот за економија во медиумите се дека таков закон се подготвува, бидејќи ни е обврска, и дека може да е добро да не се прифати законот од опозицијата оти ќе следи закон од страна на Владата. Меѓутоа што дознавме од Министерството за финансии. Кога требаше да даде одговор на нашето барање, на нашиот предлог, Министерството за финансии тврди дека во Буџетот за 2009, пари за оваа намена нема. Значи, не се ни обидувајте да кажете, овој закон не го прифаќаме, ама ќе прифатиме некој закон кој што ќе дојде по два месеца. Можда и ќе го прифатите како сте тргнале, ама за тоа пари во Буџетот нема да има. Заради тоа сметам дека крајно време е сериозно да се погледне законот, и да се каже дека граѓаните на Република Македонија се единствените дури и во регионот кој не се заштитени од гасење на струјата. Единствените за кој Валдата не предвидела елементарен социјален пакет. Овој закон токму тоа го предлага. Овој закон предлага на семејствата кои или немаат никој вработен или имаат еден вработен, но со екстремно ниска плата или пензија, за семејствата кои користат социјална помош, за сите нив Владата преку Буџетот да им ги плаќа сметките за струја во износ помеѓу 700 до 1000 денари. Тоа е износот кој ги задоволува основните потреби.

Значи, со овој закон ќе овозможиме секое семејство макар и она кое зависи и живее со минимални приходи да може да си плати светло, да може да си плати фрижидер, да може да си плати елементарни електрични апарати.

Јас се согласувам дека во државата живеат и граѓани кои имаат поголеми примања, можеби министрите и пратениците спаѓаат во такви, за нив 16% можеби не се почувствува, меѓутоа, за овие граѓани прашањето дали ќе го има овој закон или не е прашање на светло или мрак. Затоа сметам дека треба посериозно да ја третирате и расправата и гласањето.

**Трајко Вељаноски:** Има збор господинот Горан Мисовски, повелете.

**Горан Мисовски:** Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници.

На денешната седница расправаме за Предлог за донесување на закон за социјална заштита од

енергетска сиромаштија предложен од пратеничката група на СДСМ и веднаш сакам да соопштам зошто пратениците од НСДП ќе го подржат Предлогот за донесување на овој закон.

Ќе се обидам да дадам краток коментар.

Имено, во услови на светска економска криза која полека дефинитивно ја зафаќа и Република Македонија и во услови кога Владата на Република Македонија не покажува ни минимум елементи на способност или можност со нејзино справување, сиромаштијата во Република Македонија од ден на ден се повеќе се зголемува.

Економската состојба на секое второ семејство е дефинитивно полоша отколку пред две години.

Стапката на невработеност во вториот квартал по последните податоци од Заводот за статистика изнесува 33,8% или 311 илјади работоспособни Македонци, граѓани на Република Македонија барале работа во периодот јуни-август 2008 година.

Цените на индустриските производи во август 2008 година во споредба со истиот период 2007 година се поголеми за 13,8%.

Покачувањето на струјата од 16% ќе предизвика дополнителен бран на покачување на лебот, на белите пецива, облеката, обувките и на се она што директно е поврзано со струјата како процес на производство.

Според последните истражувања на Државниот завод за статистика се предвидува дека производството во Република Македонија навлегува во еден неизвесен период кога просечните набавни цени на импутите ќе растат со што и просечните цени на готовите производи ќе бидат повисоки.

Еден од основните елементи за ваквите предвидувања и секако покачувањето на струјата од 16% не знам зошто Владата се обидува да не убеди дека покачувањето ќе биде 13% кога оваа држава има Закон за ДДВ. Значи, покачувањето ќе биде точно 16%.

Во услови на една крајно конфузна ситуација во економијата и неспособноста на Владата на ВМРО-ДПМНЕ да се справи со најавите за хаос во економијата исто така и во вработувањето, состојба која директно ќе влијае на стандардот на граѓаните, особено оние со низок стандард, социјално загрозените, стечајците кон кои Владата крајно лицемерно се однесува овие денови, собраниските комисии за труд и социјална политика и Законодавно-правна замислете, го отфрлаат овој закон кој предвидува државна помош за плаќање на сметките на струја на најсиромашната категорија луѓе. Се работи за околу 56-60 илјади луѓе кои ќе добиваат од 700 до 1000 денари месечно надоknада за сметките за струја.

Законот е предложен во вистинско време со желба,но и со обврска согласно Уставот државата во услови на криза да помогне на сопствените граѓани што се социјално најзагрозени и дека законот е предложен со сериозна анализа говори делот за финансиските импликации од Буџетот каде точно и прецизно колегите од СДСМ ги опишале импликациите до денар од евентуалното носење на овој закон по основ на Буџетот.

Ова го говорам заради споредба со законите кои ги предлага Владата и веднаш ќе ги земам последните измени и дополнувања на Законот за пензиско и инвалидско осигурување каде министерот Трајко Славески не убедуваше дека намалувањето на придонесите за здравствено и пензиско осигурување нема да предизвикаат никакви фискални импликации по Буџетот, тоа беше една голема лага. Вака се поднесуваат законите со точна и прецизна анализа и експертиза.

Она што за мене е крајно несфатливо Владата на ВМРО-ДПМНЕ да има ваков игнорантски однос кон најсиромашната категорија граѓани кои мнозинството гласови го даде за ВМРО-ДПМНЕ, за Никола Груевски.

ВМРО-ДПМНЕ со ваквиот однос продолжува да им се заблагодарува на мнозинството граѓани во Република Македонија со Законот за работни односи, со последните измени во Законот за пензиско и инвалидско осигурување, а еве сега и со одбивањето на законот кој го предложи СДСМ.

Во услови кога ЕВН ја заострува политиката на исклучување на семејствата, навистина сакам да поставам прашање на претставниците на ромската популација во коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ кои се најмногубројни овој пат. Како е можно да не го подржат овој закон, да гласаат против, да имаат игнорантски однос исто како ВМРО-ДПМНЕ како социјално најзагрозените иако знаеме дека огромен дел од ромските семејства ќе имаат директна полза од овој закон, се надевам дека колегата од ДУИ ќе го подржи донесувањето на овој закон.

Кога говориме за електричната енергија, поскапувањето на истата од 16%, директното влијание на покачувањето на струјата и неможноста на огромен дел од македонските семејства да ги плаќаат сметките за струја не можеме,а да не проговориме за состојбите во енергетскиот систем во Република Македонија.

Сведоци сме дека во изминатите две години РЕК Битола- најголемиот производител на струја е во постојан ремонт, постојано нешто чудно се случува во РЕК Битола, раководството на РЕК Битола се однесува како сеф, воопшто не дава никакви информации што се случува со тендерите во РЕК Битола. Дали носењето на законот за енергетика на мала врата крие некакви лукративни намери, зошто се намалува производството на јаглен во рудникот Суво Дол, што тоа се случува со тендерите во РЕК Битола.

Еве како еден куриозитет, почитувани колеги пратеници, покрај сите оние успешни и неуспешни тендери, сето она што се случуваше во РЕК Битола нормално продуцирано директно од раководството кое е позиционирано од страна

на ВМРО-ДПМНЕ на 12.11. топ вест на медиумите во Битола е дека, покрај сите успешни и неуспешни тендери во државните електрани овој пат успешно е распишан тендер за отстранување на кучиња скитници во РЕК Битола. Значи распишан тендер за отстранување кучиња од РЕК Битола.

Зошто со носењето на законот за енергетика Владата свесно ризикува Република Македонија да биде исфрлена од Европската енергетска заедница? Дали за овој проблем Владата има План-Б? Зошто Владата ги прекрши директивите на Европската унија во сегментот енергетика и практично си го повлече потписот од Атинскиот меморандум каде сегашниот, а тогашен министер во 2005 година Фатмир Бесими го стави во името на Република Македонија?

Дека нешто чудно се случува со Република Македонија во сферата на енергетиката говори и Самитот т.е. состанокот на земјите од регионот кој се одржа во Будимпешта каде се договараше европскиот транспортен систем за гас Македонија ја нема. Сите земји од поранешна Југославија се присутни, а Македонија ја нема. Дали казната заради лошото носење на оној закон, лош за енергетика, не стигнува.

За мене е несфатливо како е можно со Одлуката за пренамена 950 милиони денари да бидат импутирани во јавниот сектор, во јавните претпријатија кои воопшто не се обврска на Владата, тие не се буџетски корисници, а Владата на ВМРО-ДПМНЕ да нема слух за сопствените граѓани, најсиромашните граѓани во Република Македонија.

На крајот сакам, почитувани колеги пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, во духот на прескапо платената кампања "Отвори го срцето, отвори ја душата", еве на дело да покажете дека навистина ја подржувате оваа кампања, да го отворите срцето и душата, да го подржите овој предлог на опозицијата како би можеле најсиромашните граѓани во мир и спокојство да ја поминат зимата и кога премиерот Никола Груевски ќе се обрати од ова Собрание да не бидат вознемирени, да не се плашат дека некој од ЕВН ќе им ја пресече струјата. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателке,

Ќе се обидам можеби пократко од десетина минути да го срочам мојот говор.

Прво би сакала да кажам пред јавноста што зборуваме ние овде. Денеска на Собранието се дебатира по еден закон од пратеничката група на СДСМ со кој предлагаме заштита на социјално загрозените лица, тоа се некаде околу 600 илјади домаќинства во Република Македонија кои сакаме да се заштитат од енергетската сиромаштија односно да се заштитат од поскапувањето на електричната енергија.

На почетокот би сакала да се осврнам на работата на ова Собрание.

Почитувани колеги пратеници, погледнете ја салата, дали некој е загрижен за најсиромашните во Република Македонија? Сакам да се покаже со камера салата и да покажеме дали е некој загрижен во Република Македонија од парламентарното мнозинство за најсиромашните слоеви во Република Македонија со чии практично гласови седнаа овде во пратеничките клупи.

Втората работа која сакам да ја потенцирам е каде да водиме дебата и со кого да водиме дебата во ова Собрание за важни егзистенционални прашања на граѓаните на Република Македонија заради кои сме избрани.

На Законодавно-правната комисија во која учествувам немаше дебата, само ние пратениците на СДСМ ги изнесовме аргументите зошто е потребно донесување на ваков закон. На Комисијата ни беше само соопштен ставот на пратеничката група поточно "на Владата на Република Македонија" околу ова прашање. Дебата нема.

Денеска, погледнете го дисплејот, со исклучок на еден пратеник од позицијата тоа е господинот Аднан Јашари, јас не гледам на листата на дискутанти да има некој пратеник од парламентарното мнозинство кој сака да подебатира, па макар поинаку размислувал околу оваа точка. За да го изградиме ставот, за да го изградиме мислењето, за да видиме дали навистина Република Македонија има потреба од донесување на ваков закон. Каде сега ние да дебатираме? Со кого да дебатираме, со кога да вкрстуваме аргументи? Дали тоа ќе го правиме со подготвените извештаи од комисии? Ова го зборувам затоа што денеска за прв пат се отпочнува на пленарна сесија примената на глава 9 и на одредбите на овој Деловник.

Сега се прашувам, ако во итна и скратена постапка нема дебата и вака дебатираме на единствениот можен начин како што се дебатира, јас мислам дека ова Собрание ќе биде повторно дебата на глуви односно ќе кажуваме ние, вие ќе ќутите, караванот ќе врви ама луѓето ќе страдаат.

Зошто викам ова? Затоа што денеска имаме многу реален закон, и на Комисија кажаа, можеби не се најсреќно срочени овие решенија. Ние не го викаме тоа, туку во оваа фаза треба да потврдиме дека на Република Македонија и е потребен ваков закон, дека на семејствата кои што се социјално најзагрозени им е потребен ваков закон, дека со овој закон само бараме 300 киловат часови на оние на кои што ние сме ги утврдиле со овој предлог, туку да седнеме да ги утврдиме кои се тие најранливи категории да им помогнеме да излезат од оваа тешкотија. Ама очигледно парламентарното мнозинство не сака, ни мува не го лази, не сака да размислува за проблемот, не дебатира, си ја слуша Владата, така како што ќе им каже, а Владата еднаш кажува вака, еднаш кажува така.

Зошто е потребата од донесување на ваков закон? Несомнено заради потребата која што ја имаат граѓаните кои што се повеќе тонат во сиромаштија, кои што се повеќе, пред малку кажав 660 илјади домаќинства, грешка, лапсус беше, 60 илјади домаќинства се корисници на социјална помош. Па, замислете со 3000 денари, или колку се 3500-3600 денари овие корисници можат да ги покријат сите животни потреби и да плаќаат скапа електрична енергија? Нека излезе еден од парламентарното мнозинство овде, пред сите овие 60 илјади или некој кажа 55 биле, нека се и 55 илјади домаќинства, нека им каже како тие можат да живеат со 3500 денари социјална помош месечно. И што Владата прави, или што прави ова парламентарно мнозинство да ги заштити од поскапувањето на електричната енергија.

И јас ќе почнам сега стручно онака како што по Ивештајов, пошто треба да дебатираме, Законодавно правната комисија и матичното тело, што е пак најжалосно матичното тело еве го, три реда срочило извештај, зошто нема потреба законов да се донесува и зошто не треба да се даде на понатамошна расправа.

Прво ќе почнам на ред. Дали нема, еве, 55 илјади домаќинства кои се социјално загрозени корисници? Има. Тоа се податоци од Министерството за труд и од статистика.

Дали со 3500 денари кои што ја примаат социјалната помош можат да егзистираат, второ прашање.

Трето прашање, дали финансиските средства се толку големи колку и кампањите кои што секојдневно ги финансираме и утре “Засади дрво, засади своја иднина”, кој ќе сади дрво и своја иднина ако нема народ. Луѓето страдаат за леб. Дали тие средства споредени, со овие се помалку?

Четврто прашање, дали ова барање не е и на Европската унија во Директивата 54/3?

И, точно е дека нема основ, со ова законски основ поставуваме и точно е дека треба да се реши овој проблем. А што ни одговара парламентарното мнозинство образложувајќи зошто законот не требало да се донесе.

Прво дека тоа се уредувало само со Закон за социјална заштита. Јас веднаш демантирам дека не е така затоа што во Законот за социјална заштита, тоа и мојот колега Јани Макрадули го кажа, во членот 5 вика: со овој закон мерки за социјална заштита се уредуваат и во согласност со други закони. Тоа значи, можеме ние со овој посебен закон да воведеме нови социјални мерки. Значи отпаѓа ова тврдење.

Втора работа, дека со овој закон се создавале нови категории на социјално загрозени лица.

Е, социјалните загрозени лица се еднаш засекогаш утврдени и ние ќе мижиме пред реалноста, ќе викаме сме ги утврдиле еднаш со Законот за социјална заштита и готово веќе и покрај тоа што има, ние не мрдаме, не правиме ништо затоа што се создавале нови категории?! Па ние сме тука дојдени да ја пратиме ситуацијата и да нудиме решенија па и во случај кога се создаваат нови категории на социјално загрозени лица да им ги решаваме проблемите.

Трето образложение, ова на Комисијата затоа што немаше дебата на самата Комисија, дека потребно било да се интервенира во Законот за социјална заштита. Не е потребно.

Четврто, дека се нуделе парцијални законски решенија. Па кажавме. Дајте да ја утврдиме потребата. Откако ќе ја утврдиме потребата заеднички и позиција и опозиција без разлика што е ова проект на Социјал демократскиот сојуз, ова е барање на сите граѓани, да ги утврдиме и да ги направиме решенијата конзистентни, еве нека се парцијални сега, ама дајте сега утврдуваме потреба од донесување. Не го регулираме во целост прашањето. Во втората фаза ќе моделираме решенија.

Третото образложение дека ние сме тврделе дека имало голема енергетска криза, дека немало инфлација. Па сите земји се плашат од енергетска криза. Македонија е надвор и од економска криза и од енергетска криза? Што е сега? Не сакаме да признаеме светот што го потресува, Република Македонија ништо не чувствува од тоа што светот го потресува.

И најинтересното образложение, овој извештај ми личи како да е извештај на владина комисија а не на собраниска комисија. Вика, Владата на Република Македонија во континуитет ги следи состојбите кои произлегуваат и ќе бара изнаоѓање на решенија. Значи ова како да е извештај на владина комисија, не на собраниска комисија. И да се вратам на прашањето.

Почитувани колеги од парламентарното мнозинство,

Не можете никому да докажете дека во Република Македонија има, ајде нека е вашата бројка, 55 илјади домаќинства кои што примаат социјална помош. Не можете да негирате дека овие луѓе примаат или овие семејства примаат по 3500 денара, не можете да негирате дека 3500 денари во ваков ценовен шок, во поскапување, во инфлација можат граѓаните со овие пари да ја плаќаат високата цена на електричната енергија и не можете да докажете и затоа не се јавувате за збор, дека нема потреба од донесување на овој закон. Сакате со сувопарно, со извештаи на комисии и ќутејќи овде да го поминете ова. Меѓутоа граѓаните гледаат, ние ќе бараме и ако е овој проект наш, ние дозволуваме, преземете го овој проект нека биде ваш, битно е денеска да утврдиме потреба од донесување на законот, битно е денеска да признаеме дека има потреба граѓаните на Република Македонија од ваков закон и на крајот на краиштата оддолжете им се за поддршката која што ви ја дадоа.

Доста со реклами, доста со сликање, доста со правење слика искривена во огледалото, еднаш почнете да ги решавате вистинските проблеми на граѓаните, а овој е сега вистина проблем на сите

граѓани особено на оние најранливите кои што сакаме да ги заштитиме. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Почитувани колеги,

Една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија претставува хуманизмот, социјалнта правда и солидарноста. Граѓаните на Република Македонија во последниот период се соочуваат со намалување на животниот стандард и бројот на сиромашни граѓани рапидно се зголемува како и невработеноста која годинава е во постојан пораст.

За време на предвремените парламентарни избори периодот по изборите од страна на директорите на ЕЛЕМ и МЕПСО, бевме постојано уверувани дека нема да има зголемување на струјата и дека во тој момент многу е побитно да се донесе Законот за енергетика, за што, патем речено и Европската комисија не дала писмена согласност, за што бевме известени и од Брисел. Но, веднаш по стапувањето во сила на законите на Законот за енергетика, двете државни компании ЕЛЕМ и МЕПСО поднесоа барање за покачување на струјата во Република Македонија. Тоа барање беше удоволено и ние веќе од овој месец плаќаме поскапа струја за околу 14%.

Поскапувањето на струјата не се случи само заради воведувањето во сила или заради носењето на измените на Законот за енергетика, туку и заради енормното зголемување на трошоците за работа на ЕЛЕМ и МЕПСО, катастрофалното ниско домашно производство на електрична енергија што патем мислам дека оваа година нема да биде над 6000 гига ват часови како и многу скапиот увоз на електрична енергија. Притоа не треба да се заборават бројните дефекти во РЕК Битола во изминатиот период, хавариите што се случуваа, како и повеќемесечното одлагање и не ставање во функција на багерот во РЕК Битола, иако во изминатиот период јавноста ја уверуваа дека тоа ќе се случи многу побрзо.

Сега сакам да напомнам дека најголемиот електроенергетски комбинат во Република Македонија РЕК Битола е повеќе од шест месеци без раководство, затоа не треба да не чуди постапката што во РЕК Битола е многу побитно да распишат тендер за кучиња скитници отколку ВМРО-ДПМНЕ да постави раководство, кое раководство ќе ја преземе целосната работа во самиот комбинат, да ги стави во функција сите потенцијали, да го зголеми производството на електрична енергија, бидејќи дефинитивно таму песот стопанот не си го знае.

Секогаш кога е ВМРО-ДПМНЕ на власт во Република Македонија ние имаме намалување на производството на електрична енергија, ставање во функција на ТЕ Неготино и енормни количества на увезена електрична енергија што резултира со одлив на финансиски средства, што за жал крајниот цех ќе го плаќаат македонските граѓани.

Република Македонија се соочи со сериозни проблеми во овој сектор поради недостиг на електрична енергија во регионот и високата цена, како и зголемената потрошувачка на сите категории на граѓани. Сето ова може да доведе до рестрикции во снабдувањето со електрична енергија во наредниот зимски период на ниски температури и зголемена потрошувачка. Штетите од прекинувањето со снабдување со електрична енергија во кревката македонска економија би биле огромни.

Владата, наместо да ги заштити граѓаните, наместо да се заложи за поголемо производство, за што во повеќе наврети ни сугерираат и сите експерти во Република Македонија, наместо да постави директори и раководства на најголемите енергетски капацитети, дневно не бомбардираат со реклами за тоа колку добро работат. Но, во тие реклами до ден денеска не слушнавме дека ќе дадат било каква помош за поголем број на сиромашни граѓани.

Кај домаќинствата со низок домашен стандард се јавува неконтролирана потрошувачка на електрична енергија за греење, без можност да се плати доспеаниот долг, со што состојбата во електро енергетскиот сектор се повеќе се влошува. Земајќи го во предвид фактот дека помошта што ја добиваат граѓаните - корисници на социјална помош е многу мала, сосема е јасно дека едно семејство што е корисник на социјална помош, воопшто нема финансиски средства да ги покрие своите трошоци за потрошената струја. Во секоја држава, членка на Европската унија, при либерализација на пазарот на електрична енергија се воведени социјални заштитни мерки од енергетска сиромаштија, што за жал во Република Македонија до ден денеска не е сторено.

Социјалната заштита од енергетска сиромаштија, што денеска е тема на дискусија во ова Собрание, не е само потреба, туку и обврска на Република Македонија што произлегува од Договорот за основање на енергетската заедница, што впрочем претставува и непочитување на меѓународно преземените обврски. Сакам да напоменам само дека најголем број на членки на Европската унија, вклучително и кај земјите од соседството се преземени вакви социјални мерки, заштитни мерки од социјална сиромаштија. Република Македонија е единствената во регионот во која не е воведена социјална заштита од енергетска сиромаштија.

Околу 60 илјади социјално загрозени ја чекаат реализацијата на овие долго најавувани социјални пакети. При тоа на ова работеле подолго време и Министерството за труд и социјална политика, Министерството за економија, вклучително и пред извесно време изјавата на министерот за економија Фатмир Бесими, кој изјави дека Владата сериозно ја разгледува идејата за воведување на социјални

пакети, но притоа без да прецизира во која форма и во каков опфат.

Чекајќи ги субвенциите, социјалците можат да останат без струја што дефинитивно поскапе, а Владата сеуште не соопштува на кој начин ќе ја почне заштитата за сиромашните лица. За колку семејства се работи, колкаво количество на потрошени киловат часови станува збор, колку пари од Буџетот ќе бидат издвоени за таа намера, Владата воопшто нема пресметка.

Бидејќи Владата постојано ни ја кажува онаа народната, не умирај магаре за зелена трева, денеска пред нас имаме тука Предлог на закон за социјална заштита од енергетска сиромаштија, со што ќе се овозможи да се намалат последиците од поскапата струја и намалениот животен стандард. Во денешни услови е незамисливо или невозможно да се замисли нормално функционирање на едно семејство што може да остање без користење на електрична енергија, особено во зимските месеци, се поради тоа што кај најголем број на домаќинствата таа се користи за загревање, поради немање на друг алтернативен избор.

Со Законот се опфатени неколку социјални групи на потрошувачи, односно домаќинства што сакам да ги потенцирам. Тоа се домаќинствата што добиваат постојана социјална парична помош, домаќинство во кои нема ниту еден вработен, што не се корисници на постојана социјална парична помош и немаат друг извор на приходи, домаќинства што имаат невработено лице корисник на паричен надоместок во случај на невработеност од Агенцијата за вработување што се движи во висина на постојаната социјална парична помош и истиот е единствен приход за домаќинството, домаќинства со повеќе од два члена во кои еден е пензионер што добива минимална пензија, односно во првата група и истата е единствен приход на домаќинствата, како и домаќинства со повеќе од два члена во кои има само еден вработен со минимална плата, а чиј износ се движи во висина на постојаната социјална помош и немаат други приходи во домаќинството.

Притоа, сакам да напомнам дека ова е карактеристично особено за ромската популација што постојано реагираат и протестираат пред ЕВН заради тоа што не можат да си ги подмират сметките од потрошената електрична енергија. Но, не само таа категорија на луѓе, туку тука се во прашање сите семејства што се соочуваат со овој сериозен проблем што го доведува во прашање нормалното функционирање на семејствата.

СДСМ нуди конкретно законско решение со точно утврдени рокови за неговата имплементација. Средствата што се потребни за имплементација на овој закон претставуваат само 1,1% од вкупниот буџет за 2009 година или многу помалку од парите што Владата ги троши за себе рекламирање. Месечната сопомош, со што ќе се задоволат основните потреби на граѓаните, како и намалување на последиците од поскапата струја се работи што мораме да ги направиме денес.

Притоа сакам да напомнам дека само пред недела дена, кога имаше прераспределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2008 година предложивме амандмани со што баравме намалување на сиромаштијата кај најзагрозените групи на домаќинства, како и за бранителите, чиј закон нема никогаш да дојде на дневен ред на ова Собрание.

Затоа, тука сакам да ви предложам да се повлечете од идејата дека ваквото законско решение треба да се отфрли само што е предложено од СДСМ и целата постапка да оди на штета на најсиромашните граѓани. Притоа сакам да ве замолам да се обидеме да направиме се денеска да се прифати или да се оправда денешната точка на Предлогот на законот, со тоа што сакаме да изградиме држава во која социјалната сигурност, социјалната праведност ќе не водат кон Европската унија и НАТО. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен господинот Котевски Никола, повелете.

**Никола Котевски:** Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници,

Јас би сакал да реплицирам во делот на дискусијата на почитуваниот патеник Диневски, во делот кога дискутираше за состојбите во РЕК Битола и за производството на електрична енергија,

Јас би сакал да апелирам, кога ќе се зборува дека имаме намалено производство на електрична енергија тогаш да се излезе со бројки и со факти и да се аргументирано образложат тие бројки. Јас би сакал да наведам само да дадам неколку аргументи. Блоковите во РЕК Битола се проектирани да произведуваат 4 милиони 044 илјади мегават часа на годишно ниво. Значи во 2007 година РЕК Битола има произведено 4 милиони 107 илјади 529 мегават часови електрична енергија. Значи е натфрлено проектираното производство на електрична енергија за 2007 година, а И читање; имајќи ги во предвид фактите дека во 2007 година се извршени редовни ремонти на термо блоковите. Значи на сите термоблокови е извршен редовен ремонт. Во оваа 2008 година до месец октомври е произведено вкупно 3 милиони 325 илјади 258 мегават часови електрична енергија и спорд динамиката на производство значи исто ќе биде натфрлена проектната поставеност за производство на електрична енергија во РЕК Битола.

Би сакал да кажам дека производството на јаглен во РЕК Битола е во рамките на планираните количини и дека тоа ќе биде континуирано и во наредниот период. Само да напоменам кога зборуваме за производството на електрична енергија во РЕК Битола, да наведам неколку аргументи. Во 2004 не е направен редовен ремонт на првиот блок, во 2005 не е направен

редовен ремонт на третиот блок, во 2006 не се направени ремонт на трите блока. Ако ги споредиме аргументирано овие факти за од тие три години и со показателите за производството за 2007 и во 2008 година ќе видиме дека аргументите кои што се нудат од страна на опозицијата дека имаме намалено производство на електрична енергија воопшто не држат. Ако зборуваме на генерално на ниво на вкупното призводство на електрична енергија на ниво на ЕЛЕМ, тука треба реално да се напомене дека делот на намалување на производството на електрична енергија отпаѓа на производството на хидроцентралите. Заради намалениот водостој во акумулациите и тоа е сосема логично. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За контра реплика е пријавен господинот Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Почитуван колега Котевски. Зошто ако толку добро работеше РЕК во изминатите две години сменивте најмалку 5 или 6 раководства. Зошто ако толку се успешни менаџерскиот тим во РЕК Битола 6 месеци РЕК Битола е без раководство. И на крајот зошто ги гласате извештаите во ова Собрание, а притоа не ги читате? Пред месец дена го усвоиме извештајот на Регулаторната комисија. Да ве потсетам еве ги фактите.

Во РЕК Битола во 2005 година 4995, 2006 година, 4701, 2007 година 4645 или вкупно во 2005 година 6476, 2006 година 6350, и 2007 година 5621 гигават киловат часови, кој кого лаже? Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господинот Пејковски Живко, повелете.

**Живко Пејковски:** Почитуван претседатетеле, пожитувани колеги пратеници,

Оваа реплика моја повеќе би се однесувала за госпоѓата Ивановска, меѓутоа, очигледно дека е многу заинтересирана и загрижена за народот па не е присутна во салата, меѓутоа ќе реплицирам на она што цело време . . . господине Макрадули јас ве слушав и сакам да ме сослушате.

**Трајко Вељаноски:** Колега продолжете. Реплицирајте на господинот Диневски Менде.

**Живко Пејковски:** Ќе реплицирам во некои сегменти на господинот Диневски, затоа што во народот постои само една изрека дека никогаш не е касно. И добро е почитувана господо што конечно ви текна за народот.

Ќе ве потсетам на неколку работи кои што упорно сакате да ги прикажете тука, меѓутоа ќе ве потсетам на една друга работа. Кога го продававте Електростопанство на Македонија, тогаш повикувавте дека мед и млеко ќе тече во Македонија, тогаш повикувавте на благодетот од парите што ќе бидат земени, а не мислевте на народот на исклучување на струјата и на ред други работи. Ќе ве потсетам на една друга работа дека народот нема кратко памтење. Ќе ве потсетам на она што сега го кажувате дека има 55 илјади до 60 илјади социјални случаеви во Македонија. Ние не негираме дека нема. Точно е дека има. Меѓутоа каде е генезада да тие луѓе дојдат во таква состојба. Ќе ве потсетам на времето кога кажувавте дека ако еден пензионер се качи тогаш бродот ќе потони. Бродот не потона. Заминавте од власт, се качија пензионерите. Им се вратија и тие 8% што вие цело време ги закинувавте, плус 10%, бродот не потона. Ќе ве потсетам на едно ваше ветување кое што го дадовте во 2002 година дека ќе запослите 100 илјади луѓе или по еден од секоја фамилија. Ако тогаш запослевте, тогаш немаше да има 60 илјади социјални случаи. Или очигледно е дека добро е, кога ќе бидете во опозиција да се грижите за народот, добро е да се грижите за пациентите, добро е да се грижите за работниците, а кога сте на власт тогаш добро е да се грижите за другите. Да се грижите за работодавачите, и за сите други. И само кратко потсетете се зошто го носевте бранковиот закон. И 30% тогаш требаше да платат одредени фирми, да се заштитат работниците, и тоа не го платиивте.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика господинот Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Прво заради јавноста во 1999 година кога беше ВМРО ДПМНЕ на власт се потпиша одлука за отпочнување постапка за приватизација на Електростопанство на Македонија. Само за информација ако не знаевте.

Второ, покачувањето на електричната енергија од 14% која стапи пред неколку дена, ја побараа МЕПСО и ЕЛЕМ. Заради како што кажаа зголемените трошоци за работа катастрофалното ниско производство на електрична енергија скапиот увоз на електрична енергија итн. Бидејќи вас многу одамна ви текна за граѓаните на Република Македонија ова е закон кој е интерес на граѓаните на Република Македонија очекувам истиот да го поддржите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Има збор госпоѓица Маринела Тушева.

**Маринела Тушева:** Благодарам претседателе, почитувани колеги,

Морбидно делуваат сликите кои во одредени населби и пред ЕВН деновиве можевме да ги забележиме, стотици граѓани како демонстрираат, или негодуваат, затоа што им е исклучена електричната енергија. Не е мал бројот на оние кои се во незавидна положба, затоа што им се исклучува електричната енергија, а немаат од каде да платат, бидејќи не остваруваат редовни приходи. Во пресрет на грејната сезона прашањето за енергетската сиромаштија станува се поактуелно. Голем дел од населението живеејќи на работ на човечки достојната егзистенција е ставен пред свршен чин и навистина го почувствува поскапувањето на енергијата како дополнителен и тешко решлив

проблем. Во отсуство на реално подобрување на стандардот кај населението во сетуација кога не постојат економски издржани мерки од страна на Владата при што првенствено мислам на пораст на вработеноста и намалување на социјално загрозените граѓани и семејства, Владата денес мора да се служи со вакви и слични парцијални мерки за да ја ублажи енергетската сиромаштија. Сето ова ни се случува сега и покрај тоа што СДСМ и опозицијата воопшто укажуваа благовремено дека Владата треба да изготви соодветна долгорочна стратегија за справување со енергетската сиромаштија. Ова го посочувам затоа што сметам дека Владата по обичај доцни во благовремено решавање на егзистенцијалните проблеми на граѓаните, а и кога ќе почне да ги решава остава простор за несакани последици, што би рекле, правејќи едно добро, ќе направи две зла.

Втора опасност, или неправилност во третманот на енергетски сиромашните слоеви, а на која сакам да укажам лежи во привидната вработеност и редовните месечни примања. Привидно е дека штом има вработен во семејството, тогаш тоа семејство излегло од социјално загрозените. Во категоријата на осиромашени граѓани се доведени и со енергетска сиромаштија се опфатени и оние кои до скоро се сметаа за релативно добро стоечки семејства, затоа што платите заостануваат далеку зад трошоците за живот. А Владата не убедува со добро живеење. Маса вработени граѓани работат само за да се прехранат, а можеби и не успеваат ниту во тоа, бидејќи оваа Влада не сакаше ниту да се одреди најниска плата, или цена на трудот. Главно што треба да се постигне со овој закон е да се заштитат социјалните групи од високите трошоци за електрична енергија. Поради ниските месечни примања многу социјалци немаат објективна можност да ги платат сметките за струја, поради што многу често се исклучени од електрично напојување. Затоа сметам дека ова што е понудено како законски текст треба да го поддржиме како нешто што е итно изнудено за да се помогне на најсиромашните слоеви и граѓани. Истовремено сакам да нагласам дека Владата ова не смее да го сфати како решение за проблемот со енергетска сиромаштија. Напротив, ова треба да и послужи на Владата како повод за донесување далекусежна и сеопфатна стратегија во која ќе влезе и таканаречената енергетска самостојност на државата која подразбира и поголеми вложувања во енергетскиот сектор. Затоа што само енергетски добро стоечка држава може реално и долгорочно да се бори против енергетската сиромаштија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Има збор господинот Горан Сугаревски, повелете.

**Горан Сугаревски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Во предлогот на закон за енергетска сиромаштија мојата пратеничка група СДСМ ги набележа сите аргументи и параметри врз кои што почива самиот Предлог на закон и причините зошто треба денеска да се донесе овој закон, односно да биде поддржан и од парламентарното мнозинство. Од тие причини јас во моето излагање ќе се обидам да дадам дополнителен аргумент од позиција на претставник на град кој што по жаргонот на населението од Скопје се вбројува како внатрешност на Република Македонија. И во овој случај има важна улога во објаснувањето на позицијата, на другите населени места надвор од Скопје во однос на енергетската криза која се чувствува подолг временскиперод, а ќе биде изразена преку скорешното зголемување на цената на електричната енергија. Во изминатиот период јавноста во Република Македонија постојано беше бомбардирана со вестите за драстично зголемување на парното греење на територијата на град Скопје кое што исто така се одрази врз стандардот на населението на нашиот главен град. Нашиот предлог на закон е со тенденција да се олесни животот на најзагрозеното население и во Скопје. Но, гледано од аспект на потребата од енергија разликите помеѓу Скопје и внатрешноста во Република Македонија се повеќе од евидентни. Во другите градови од Македонија не постојат системи за централно снабдување со топлинска енергија, освен во еден дел од Битола кој подолго време се соочува со неможност од одржување на тој систем за централно греење. Другите градови се препуштени сами на себе, секој индивидуално го решава проблемот на греење. Во Прилеп тоа се изведува на следниот начин, набавка на огревно дрво во што предничи најголемиот дел од населението, набавка на ќумур, многу мал процент користат нафта за домаќинствата, а во периодот кога температурите не се драстично ниски, најчесто се користат термоакумулационите печки што неминовно доведува до потреба, односно до користење на електричната енергија. И од ова сега што го зборувам не е ништо ново, така е со години наназад. Меѓутоа што е променето? Условите на животот во изминатиот период не беа тешки, но сега натежнаа многу. Еден кубик дрва ја достигна цената од 2800 денари, значи имаме скок од над 30%. Ако истиот кубик дрва ви ги донесат пред вашата куќа, веднаш се соочувате со комуналните редари, или со полицајците кои што најревносно ја пишуваат казната од 50 евра заради растурање на дрвата пред портите, односно пред самите куќи. Следат нервози, често пати скриени пцовки, но сиромавиот како што и самата поговорка рекла: два пати плаќа. За Прилеп би се осврнал конкретно во делот на населението кое што живее во Тризла 2 каде што живеат околу 6 илјади жители, истиот случај е и со Варош, како и со населените места околу Прилеп. Се обидуваат со години да присоберат некое дрво од блиските пошумени подрачја во близина на градот кои често пати се пресретнуваат од шумската полиција и казните фрчат. Тоа не значи дека јас го оправдувам овој начин на набавка на дрво и непланско уништување на шумите, но како

државата им помага на овие групи граѓани да ја преживеат зимата. Свесно ли ги турка во правење на прекршоци кои што се казниви, а не им дава други алтернативи. Голем број од оваа група на население во своите куќи имаат диви приклучоци на електрична енергија. Имаше и некоку случаи, односно примери на загинување на одреден број на граѓани од струен напон при обид за нестручно вклучување, односно диво вклучување во електричната мрежа. Веројатно маката ги тера на тоа. Владата на малите екрани секојдневно ја слушаме како прикажува дека никогаш не се живеело подобро. Овие граѓани ќе ви кажат дека не е така, само што веројатно за жал, немаат прилика за тоа, или пак Владата нема слух за нив. Во Владата велат, не се виновни, ЕВН е виновно што ги исклучува и што си ги бара парите за испорачаното. Виновникот е најден, тоа не е Владата, таа е најдобра, не смее ништо да ја помати нејзината слава. Значи на овие луѓе треба да им се помогне и да им се подаде рака од страна на државата. Во Уставот е запишано дека ние сме социјална држава која што ги зачувала принципите на солидарност. Ако е така во реалноста, ако Владата се фали со преполн буџет, нека одвои дел од тие пари и нека ги прескокне градењата на одредени монументални споменици, фонтани и тн., и нека ги одели тие средства се со цел да ги поштеди овие сегашни жртви на сиромаштијата. Постојат многу гласини дека намалувањето на производството на домашната струја преку драстичниот пад на произведени гигават часови електрична енергија во РЕК Битола заради нестручно, неефикасно работење е продуцирано од сегашното раководство на ЕЛЕМ и на Владата. Со тоа се отвора простор за купување на електрична енергија од странство по многу повисока цена од производствената, од домашната, па разликата добро и доаѓа на компанијата ЕЛЕМ, односно МЕПСО. Но, веројатно тоа се само гласини. Меѓутоа, се поставува прашање, што ако тие гласини се точни? Тогаш тешко е на овој народ на кој што секојдневно му се нудат музеи, безброј празници, северни, или западни трибини, спортски сали итн., и што ли не, само не основното нешто што е за опстанок во животот. Од овие причини за да не се повтори трошењето на средства на државни пари кога еднаш ТЕЦ Неготино им се дадоа на поклон 20 милиони евра за купување на мазут, а тие пари потоа струјата која ја произведоа пак ни ја наплатија, иако ја произведоа од наши пари, мора да се преземе нешто. Од тие причини мора да се гласа за овој закон и да се заштити дел од целосна пропаст, еден голем дел од најсиромашните слоеви на населението. Затоа како пратеник, ги повикувам пратениците од градот кој што го претставувам да го поддржат овој закон, исто така и парламентарното мнозинство се со цел да имаме една искрена заложба за помош на својот народ. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Ја прекинувам седницата.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(Седницата прекина во 13,30 часот)

(По паузата седницата започна во 15,05 часот)

**Светлана Јакимовска:** Продолжуваме со работа.

Има збор господинот Горан Минчев, повелете.

**Горан Минчев:** Благодарам потпретседателке,

На почетокот на мојата дискусија би сакал да го искажам своето задоволство што конечно во ова Собрание дојде на ред Законот за социјална помош и заштита од енергетската заштита, меѓутоа во исто време да го искажам и своето незадоволството за продолжување на оваа седница, односно присуството на пратениците, посебно од парламентарното мнозинство за еден закон за кој што навистина, Предлог закон, сметаме дека е од суштинско значение за граѓаните на Република Македонија.

Иако овој закон се случи да биде ставен на дневен ред на оваа собраниска седница после многу инсистирања и после еден голем отпор, би рекол, добор е што ја имаме можноста да расправаме по овој закон што е подготвен од страна на пратеничката група на СДС. Секако ова задоволство што го искажав на почетокот нема да трае долго ако пратениците од парламентарното мнозинство не соберат храброст и не ја донесат вистинската одлука, а тоа е во конктретниов случај да го подржат овој закон.

Искрено се надевам дека сите аргументи кои досега беа изнесени и тие што допрва, почитувани колеги од парламентарното мнозинство ќе ги чуете во расправата што следи ќе ве убедат во носењето на еден ваков закон и ќе ве убедат во неопходноста дека овој закон треба да се донесе по една итна и брза постапка.

Како што е наведено во образложението целта е со овој закон да се заштитат најсиромашните слоеви во државата по покачувањето на цената на електричната енергија, што е веќе извесно како што знаеме со последната Одлука на Регулаторната Комисија.

Исто така, според сите најави, па делумно и од Регулаторната комисија и според сите најави на експерти па и на Владата можно е да очекуваме уште едно зголемување, не еднаш, повеќе пати до крајот на годината, на струјата односно на електричната енергија.

Сите сме свесни дека сите трошоци растат, но секој од нас овде присутни добро знае дека не се случи само еден бран на поскапувања, туку многу повеќе и на многу други производи. Поголем дел од тие производи се неопходни за живеење на граѓаните на Република Македонија, а најголем дел од нив, односно сите овие производи кои што се поскапени влегуваат во потрошувачката кошница на едно семејство.

Почитувани колеги пратеници, треба да сме свесни дека сето ова придонесе за зголемување и би кажал драстично зголемување на сиромаштијата во Република Македонија. Треба

да сме свесни дека и сите оние добро, реалативно добро ситуирани семејства го осетија ценовниот шок врз семејниот буџет. Велам дека тогаш не треба многу да анализираме за да ни стане јасно што се случува со оние кои спаѓаат во категоријата на социјално загрозени семејства. Можеме и само да замислиме како тие семејства и домаќинства се справуваат со скапотијата. Дел од граѓаните буквално не можат да се прехранат, а камо ли да ги подмират режиските трошоци, за другите трошоци не сакам ни да дискутирам и воопшто не станува ни збор.

Понатаму, би сакал да напоменам дека грејната сезона веќе е започнатата. Голем дел на семејства немаат друг избор освен да користат електрична енергија за греење на сопствените домови. Како што знаеме, се зголеми и цената на парното греење и така стана прескапо за многумине па се случи и масовно откажување на услугите од Топлификација. Дури и цената на огревното дрво веќе е превисока за тие кои што до сега го користеле за затоплување. Значи, можеме да констатираме дека се поголем број на семејства немаат друг избор освен греење на струја, а голем дел од нив мораме да констатираме дека немаат ама буквално и никаков избор затоа што се соочени со една голема сиромаштија, па на голем дел од нив им следи исклучување или пак веќе се исклучени од напојувањето со електрична енергија, односно исклучување од елекродистрибутивната мрежа.

Почитувани колеги пратеници, во 21 век не може да се дозволи цели семејства да живеат во студ и во мрак. Не може државата, односно Владата да троши пари за се и сешто, а да ги игнорира најосновните потреби на граѓаните и населението. Поради тоа ние од СДС апелираме до вас, господа од парламентарното мнозинство, да се прифати овој закон. Мерките што се предвидени со овој закон имаат за цел да овозможат покривање на трошоците за електрична енергија за месечна потрошувачка до 300 киловат часови. При подготовката на овој предложен текст се процени дека тоа е доволно само за да се задоволат основните потреби на групите на домаќинства што со овој закон предлагаме да бидат опфатени. Според направените проценки за потребните средства за спроведувањето на Законот за социјална заштита од енергетската сиромаштија доаѓаме некаде до сума од околу 26 милиони евра. Значи, потрени се средства од 26 милиони евра на годишно ниво за да им се помогне на социјлно загрозените семејства.

Имајќи во предвид дека вредностите како што е хуманизмот, социјалната правда и солидарноста се утврдени во Уставот во Република Македонија, Владата има уставна обврска да направи се што е во нејзина можност да ја спречи оваа егзистенцијална агонија во која што се наоѓаат граѓните на Република Македонија. Можеме да констатираме кога се потрошени можеби три пати повеќе средства за, би ги нарекол небулозни реклами на Владата, тогаш ама нема Владата баш никаков аргумент да се спротивстави на носењето на овој закон, односно не може во конктретниов случај пропагандата да биде поважно од сиромаштијата.

Не сакам да бидам циничен, меѓутоа, ако хуманоста не е доволен мотив за власта да го прифати овој закон, тогаш можам да ви предложам друг мотив односно да го предложам следното:

Ако овие семејства за кои велиме дека треба да бидат опфатени со овој закон немаат струја, тогаш нема да можат да гледаат телевизија.

Значи, господа пратеници од парламентарното мнозинство и од Владата нема да можат да ги гледаат сите оние скапоцени реклами. Бидејќи многу сакате да ги гледате работите низ призма на рејтинг, на манипулација со јавното мислење и едно агресивно саморекламирање, еве, ве повикувам и претпоставувам дека ова е за вас плус мотив да го подржите овој закон барем од тој аспект.

Но, да се вратиме на реалниот живот и на вистинските проблеми затоа што, ако веруваме на сите оние реклами кои ни се пласирани, можеме да констатираме дека животот во Македонија ,барем за вас, претставува една бајка. Бидејќи секојдневието на нашите граѓани не е розово како што сакате да го прикажете, тогаш ја барам вашата подршка, колеги од парламентарното мнозинство, за нешто што ќе значи конкретна помош, за нешто што не значи само правење на филм, туку нешто што ќе биде реален чекор кон подобрување на условите на живеење на оние семејства кои се најзагрозени од актуелната сиромаштија и беспарицата.

Понатаму, имајќи во предвид дека понекогаш се случуваат и манипулации како што е случај со користењето на социјалната помош, во предлогот се содржани одредби со кои таквата можност се отстранува т.е. при подготовката на законот се содржани некои делови каде би можело да се отстранат можните злоупотреби на ваквиот вид на државна субвенција.

Затоа, во Предлог законот стои дека трансферите за субвенциите ќе се реализираат директно преку снабдувачот со електрична енергија, во случајот ЕВН и Министерството за труд и социјална политика.

Уште еднаш би напоменал дека овој закон треба да го подржиме сите, а потоа Владата да стори се за негова брза и квалитетна имплементација.

Повисоките сметки, почитувани пратеници, за струја веќе стигнуваат и затоа не треба да губиме многу време за да се убедуваме меѓу нас за нешто што е очигледна потреба на значаен дел од населението во Република Македонија кое , верувајте, едвај крпи крај со крај.

На крајот ќе ми дозволите, можеби ќе зафатам повеќе од времето, би сакал само таксативно да ги набројам категориите на граѓани и домаќинства кои ќе бидат подложни на овој Предлог закон, нормално ако прифатен од

парламентарното мнозинство, односно ќе добиваа од 700 до 1000 денари на нивната месечна сметка за електрична енергија.

Во групата број еден - тоа се домаќинства кои добиваат постојана социјална парична помош, согласно Законот.

Во група два - домаќинства во кои нема ниту еден вработен кои не се корисници на постојана социјална парична помош.

Во група три - домаќинства кои имаат невработено лице корисник на паричен надоместок во случај на невработеност.

Група четири - домаќинства со повеќе од два члена во кои има еден пензионер што добива минимална пензија во првата група, истата единствен приход на домаќинството и

Во група пет - домаќинства со повеќе од два члена во кои има само еден вработен со минимална плата чиј износ се движи во висина на постојана социјална парична помош и нема други приходи.

Уште еднаш ве повикувам, без разлика што овој закон е предложен од пратеничката група на СДСМ, колеги пратеници од парламентарното мнозинство да го подржиме. Ви благодарам на вниманието.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Мираковска Соња, повелете.

**Соња Мираковска**: Почитувана потпретседалке, почитувани пратеници,

Денес пред нас е закон кој го заслужува нашето внимание. Како пратеник на НСДП, како што веќе кажа мојот колега, сакам да ја дадам својата подршка на Предлог законот за социјална заштита од енергтска сиромаштија, затоа што сметам дека како одговорно општество ние сме должни да водиме грижа за социјално најзагрозените семејства, а нивниот број е алармантен и веќе изнесува 60 илјади семејства. Ако тргнеме од онаа логика која ја имаат Британците дека секое семејство кое 10% од својот буџет троши за енергија влегува во категорија на енергетска соромаштија, тогаш сигурно бројката би била уште поголема. Но, овие критериуми кои овдека ги имаме не се тие.

Практично да се грижиме за нашите граѓани се обврзавме со Уставот, дефинирајќи ги основните темелмни вредности на уставниот поредок во Република Македонија, хуманизмот, социјалната правда и солидарноста на кои многу често забораваме. На тоа се обврзавме ратификувајќи го Договорот за енергетска заедница и тоа во ова Собрание 2006 година. На тоа, ако сакате, не обврзуваат граѓаните кои гласаа, кои веруваа дека некој ќе има слух за нив, дека ќе води сметка за да можат достоинствено да живеат во 21 век , а не да живеат во мрак и во студени домови. Но, проблемот не е од денеска, а не знам зошто буквално така е прифатен од позицијата како нешто наметнато и непотребно. Не можете во услови на приватизирана Електро дистибуција, не можете во услови кога е зголемен увозот на електрична енергија, не можете во услови кога се обврзуваме на либерализација во енергетскиот систем да не сметаме на тоа дека ќе има последици врз најранливата категорија граѓани, а тоа се најсиромашните граѓани. Тоа е нешто што Владата мораше да го има во предвид и тоа е нешто што Владата мора да го решава.

А иницијатива за решавање на овој проблем датира уште од 2003 година кога Европската банка за обнова и развој започна регионална Студија за елекртоенергетскиот сектор во Југоисточна Европа. Студијата потрвди дека енергетската сиромаштија е проблем во регионот, што значи проблем и во Република Македонија. Заради тоа со финансиска помош од Европската банка за обнова и развој беше создаден проект за социјална заштита од енергетска сиромаштија во земјава во кои учествуваат, покрај Европската банка за обнова и развој, Министерството за труд и социајлна политика, Организацијата на потрошувачите на Република Македонија, акционерските друштва, тогаш ЕСМ, МЕПСО, ЕЛЕМ, значи проблемот одамна е детектиран.

И затоа Министерство за економија заедно со Министерството за труд и социјална политика, со техничка помош се разбира на Европската банка за обнова и развој повеќе месеци работеше на заедничкиот проект за таканаречена енергетска сиромаштија за да се надминат можните последици што ќе ги почувствуваат социјалните категории на население од порастот на цената на струјата. Се планираше тогаш подготовка на пакет мерки за помош и заштита на оние социјално семејства кои нема да можат да ја плаќаат поскапата струја. Оваа поскапа струја денес веќе, во ноември, станува реалност.

И затоа се прашувам зошто Владата заборави на овој започнат проект за субвенционирање на цената на електричнаеа енергија, зошто се откажа од неа, зошто не предложи некое законско решение во купот закони кои ги продуцираше ова лето и зошто во мегаломанскиот буџет, што пред некој ден ни го предаде, не предвиде средства за ублажување на енергетската сиромаштија и на крај ако сакате зошто сега се однесува игнорантски кога во Собранието се нуди решение за справување со енергетската сиромаштија.

Но сепак, Предлог законот е пред нас и добро што во Парламенотот од страна на СДСМ се понуди решение за ублажување на ударот од енерегетската сиромаштија врз огромен број македонски семејства.

Како што веќе знаете, а ги имате пред вас и извештаите на Законодавно-правната комисија и на Комисијата за труд и социјална политика, заменик министерот за труд и социјална политика и пратениците од позицијата сосема едноставно констаитираа дека нема потреба од носење на ваков закон со едноставно образложение дека овој закон се коси со

основниот закон за социјална заштита и дека со него се воспоствуваат нови категории на социјална заштита и тоа било во колизија со законските решанија предвидени во оваа област.

Го слушав заменикот министер и право да ви кажам не можев да верувам, како очекувате да водиме социјална политика ако немаме слух за социјалните проблеми. Токму Министерството за труд и социјална политика требаше да се огрижи за создавање на законски основ, требаше да ги детектира социјалните проблеми и треба да ги детектира социјалните проблеми и да наоѓа законски решенија.

Точно е, во овој закон навистина се утврдуваат нови социјални групи на потрошувачи, во моментот како загрозени од социјална енергетска сиромаштија. Но, за жал тоа е нашата реалност, секојднвено во Република Македонија се рергутираат нови семејства, во сиромашни семејства. Тоа стана наше секојдневие. Затоа немаме право во такви случаи само да погледнеме во Законот за социјална заштита и едноставно да констатираме дека такви социјални групи во Законот не се предвидени, а тоа за нас да значи ги нема, не постојат.

Господа, ова не е филм кој ќе заврштi и ќе си бидеме среќни. Ова е реалност и за многу семејства тешка и болна реалност. Како тие семејства се снаоѓаат, како живеат, како ќе ја плаќаат електричната енергија? Јас сакам да ви ги цитирам новите категории предвидено во овој закон, ама тоа го направи колегата пред мене и затоа нема да се повторувам. Сметате ли дека о вие нови категории граѓани ќе можат да се справат со овој удар што ќе го добијат веќе овој месец и дали имаме воопшто такви, дали се согласувате со тоа дека такви нови категори на социјални групи имаме во нашата држава?

Затоа, само за крај ќе повторам, имаме шанса во овој момент да им покажеме на најзагрозените семјества, гласајќи овој закон да влезе во редовна собраниска процедура, дека водиме сметка за нив дека не ни е сеедно како енергетската сиромаштија ќе влијае на нив и затоа апелирам од вас пратениците, пред се пратениците од позицијата да покажете доблест и се разбира да гласате за потребата од носење на овој закон. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас .

За реплика е пријавен господин Шутаров Васко, повелете.

**Васко Шутаров**: Благодарам почитувана потпретедателке.

Две кратки надополнувања на она што го кажа почитуваната колешка Мираковска.

Процесот на Европската банка за обнова и развој на започнал заради енергетската сиромаштија, туку заради енергетската ефикасност во Југоисточна Европа.

Атинскиот процес финализиран на 25 октомври 2005 година како прв билатерален договор потпишан на план на енергетика, е заради енергетската ефикасност на земјите од Југоисточен Балкан.

Тој, така наречен атински процес, е започнат 2002 година уште е жив, актуелен е почитуваните колеги од СДСМ спомнаа неколку директиви и меморандуми кои што се последици или континуитет од овој атински процес, но поентата е сепак заради енергетската ефикасност на овој дел. Европската заедница е основана најпрво како заедница на земји за производство на јаглен и члелик. Поентата на Европската заедница која што е иницијатор за оваа енергетска поврзаност на Југоисточна Европа е токму во спојувањето на овие земји како единствен енергетски комплекс, а не заради енергетската сиромаштија.

Многу студии од Еворпската банка за обнова и развој и УНДП, што ги спомна почитуваната колешка, кажуваат многу други факти и бројки што не се однесуваат така директно на тоа што таа го спомна. Насловите на тие студии гласат- Овие земји се заробени во минатото, Перспектив на нивниот енергетски систем, во кои што некои од ставките велат дека просечна потрошувачка на електрична енергија по метар квадратен во земјите од Југоисточна Европа е четири пати поголема отколку во земјите во Северна Европа и пар други ставки кои што би биле или смртноста во овие земји е 30% поголема отколку во земјите од останатиот дел од Европа.

Го спомна примерот и со Велика Британија. Тоа е земја која прва заврши комплетна либерализација на енергетскиот пазар, либерализацијата започна уште 1990 година и не можеме ние со Велика Британија да се споредуваме на овој план. Точно е тоа дека енергетската сиромаштија како термин потекнува од британската пракса, фуел енерџи, 10 оние луѓе кои што од вкупниот годишен приход одвојуваа 10% за греење и плин, така се вели во овие категории, спаѓаат во овие категории на енергетски сиромашна популација, но никаде не е така дефинирана оваа обврска на државата кон ова структура на луѓе како што го имаме овој Предлог закон кој што денес го имаме на дневен ред.

Значи многу внимателно во сите земји каде што се третираа оваа проблематика многу внимателно се третираат ситуациите кон оваа популација за која што денес разговараме. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За контра реплика е пријавена госпоѓа Мираковска Соња, повелете.

**Соња Мираковска:** Се согласувам колега со вас, но морам да ве потсетам дека на 18.10.2007 година во Виена, Австија, Република Македонија како потписник на Договорот за енергетска заедница го потпиша и Меморандумот за разбирање на социјалните прашања во контекст на Европската заедница. Значи, го решава, се обидуваат да го решат и тој проблем кој се појавува како нус производ и ние сме должни да го решиме. Ова е еден солиден начин на

решавање во нашите услови. Треба да ја отвориме темата, верувам дека се согласувате, и треба, како што веќе и предложија колегите кои го имаат предложено законот, дајте да разговараме, да видиме со амандмани да го поправиме, дозволете да се постави законска основа и во основниот закон за социјална заштита. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Грковска Лошкова Славица, повелете.

**Славица Грковска Лошкова**: Почитувана потпретседателке, колешки и колеги пратеници,

Сликата во салата денеска во Собранието на Република Македонија ме тера да се срамам од тоа што сум дел од ваков пратенички состав, заради тоа што тие што ја имаат најголемата одговорност во државата ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, оние кои организираа вонредни парламентарни избори под изговор дека Собранието не функционира, ги нема во салата. Оние кои што тврдеа дека предвремените парламетарни избори ќе бидат решение за функционално Собрание денеска не се тука и денеска повторно се соочивме со немање на кворум.

Меѓутоа, немањето на кворум е најбезизлената работа од она што се случува денеска во Собранието. Денеска, не само што немаме кворум, денеска немаме никаков интерес да расправаме за едно вакво суштинско прашање што е од интерес за еден добар дел од граѓаните на Република Македонија. И додека некој од пратениците од парламентарното мнозинство, вклучително и претседателот на Законодавно-правната комисија која, откако го фалсификувала записникот на Комисијата, седи комотно во својата фотелја и јаде чоколадо за време на нашата дискусија, не можам да кажам нашата дебата...

**Светлана Јакимовска:** Продолжете по точката, ќе ве замолам.

**Славица Грковска Лошкова**:...дел од граѓаните за кои што разговараме денеска, а кои што ќе бидат потпомогнати со овој закон, немаат ни за леб. И можеби заради тоа е таков односот на парламентарното мнозинство спрема овој закон и спрема овие граѓани заради тоа што едноставно не знаат со какви проблеми се соочуваат тие граѓани.

Законодавно-правна комисија, замислете, констатирала дека не се предвидени средства за ваква намена во Буџетот, меѓутоа не сметаше за потребно, исто онака како кога дискутираше за формирање на факултетите во секој град за што исто така немаше средства во Буџетот, да констатира дека нема потреба од такво законско решение во ова Собрание. И тоа е резултат на однесувањето на ВМРО-ДПМНЕ во изминатиот период од неговото владеење. Се она што е популизам и што може да придонесе за зголемување на рејтигнот, без разлика на цената, без разлика на Уставот и законите проаѓа во ова Собрание. Се она што доаѓа како предлог од опозицијата, без разлика дали е добар предлог, не може да помине, заради тоа што ќе се најдат милион различни пичинини токму од некаков технички карактер, за да каже дека такво решение е невозможно.

Јас ќе ви кажам дека е возможно затоа што Буџетот за наредната година допрва ќе го разгледуваме сега и ако е навистина точна волјата на некои од функционерите во Владата за правење на стратегија за подпомагање на енергетската сиромаштија на најсиромашните слоеви во државата, тогаш таков аргумент воопшто не би требало да биде пречка за донесување на ваков закон.

Меѓутоа, во изминатиот период истата оваа Влада на ВМРО-ДПМНЕ наоѓаше средства за различни проекти. Наоѓаше средства за музеј на ВМРО, наоѓаше средста за рекламни кампањи од секског карактер, без разлика дали има некаков ефект од нивната реализација или не, го зголеми Буџетот за Полиција енормно со што не сврсти во државите кои слободно можат да се наречат полициски држави и меѓу другото, да ве потсетам, одвојуваше средства од Буџетот, значи од средствата на граѓаните, за да ги плати одржувањето на имотите на функционерите кои доаѓаат од странство, а се дел од владината коалиција.

Значи Владата, со своето функционирање наназад од 2006 наваму, покажа дека е подготвена да направи се па дури и да го крши Уставот за да ги заштити своите функционери и да ги обезбеди материјалано, заради тоа што според изјавите и на тогашниот министер за финансии на тогашниот премиер, не можело да дозволат на терет на министрите и функционерите да биде одржувањето на нивните имоти во странство додека тие ја вршат нивната дејност тука, меѓутоа таквата Влада не направи ништо за да ги заштити најсиромашните граѓани во Република Македонија и да им помогне во решавањето на нивните секојдневни проблеми.

А ќе се согласите дека сиромаштијата во Република Македонија од ден во ден е се поголема. Тоа можеби не го чувствува владеачката гарнитура, тоа го чувстува секој реален граѓанин во Република Македонија кој кога ќе влезе во продавница се соочува со фактот дека за истите оние средства за кои што пред година ипол, две можел да купи многу повеќе сега купува помалку.

Во Милењето на Владата на Република Македонија се дава само еден аргумент зошто овој закон не треба да биде подржан и тоа замислете ве молам, сме се дрзнале во образложението на законот да кажеме дека граѓаните се соочуваат со намален животен стандард. А тоа, според видувањето на Владата, не било така. Е па јас го повикувам оној што го потпишал ова мислење, министерот Трајко Славески да си ја намали платата, да отиде во продавница и да се обиде, со намалена плата да егзистира онака како што егзистирал пред 2006

година, пред да стане министер во Владата на премиерот Груевски. И да го прашам, дали со истата таа плата од пред 2006 година може да ги купи истите продукти како денес? Се разбира не, бидејќи само зејтинот поскапе 100% да не зборувам за сите останати основни елементарни животни продукти.

Меѓутоа она што уште повеќе ја револтира Владата е дека решенијата што сме ги дале можеби ќе ја постигнат целта да помогнеме на групите домаќинства од најзагрозените социјални категории со субвенционирање или покривање на дел од трошоците за електрична енергија, меѓутоа никако немало да помогнеме во зголемување на ефикасноста на трошење на енергијата. И во таа смисла се наведува дека социјалните случаи не можат да се греат на две печки.

Значи и покрај тоа што преку рекламните кампањи на Владата гледаме како треба да размислуваме, како треба да ја фалиме Владата, колку е добра економската состојба во државата, како ни цветаат рози, колку Македонија е добро етаблирана на меѓународен политички план, ние треба од Владата сега да почитуваме инструкции колку печки ќе се грејат домаќинствата дома и колку електрична енергија ќе трошат. Интересно е што ве целата таа рашомонијада што ја организира Владата по не знам кој пат откако го поднесуваме ова законско решение има различни контрадикторни изјави во зависност од тоа од кој министер доаѓаат. Министерот за економија на пример, тврди дека од наредната година во едно свое интервју, дека во наредната година ќе почне имплементирање на ваква програма со социјален пакет. Минстерот за финансии пак вели дека не се планирани вакви средства за субвенции на граѓаните во периодот од 2009 до 2011 година и јас се прашува дали се ова двајца министри во истата Влада на Груевски и кој ја зборува вистината? Или дали тоа што едниот декларативно кажува дека ќе има ваков закон заради тоа што сме се обврзале пред ЕБОР и заради тоа што благодарение на ЕБОР во март 2007 е завршен проектот, го зборува едното, а другиот го зборува другото? Или пак бројот на домаќинства кои ќе бидат корисници на ваквата социјална помош не е доволно голем и нема многу да влијае на рејтингот на Груевски па нема потреба да се прифати ваков закон?

Иронијата да биде уште поголема, во истото образложение на господинот Славески, се вели дека Министерството за економија можеби треба да ја согледа можноста од донесување на ваков закон, а во друг случај изјавува дека ваков закон не треба да постои. Трагедијата да биде уште поголема, а доаѓа од страна на парламентарното мнозинство на Комисијата за труд и социјална политика, замислете, се наоѓа спасоносно решение за оваа категорија на граѓани. На оваа Комисија, која што требало да биде матична за социјалната политика на граѓаните, се вели дека треба да се направи напор да се зголеми производството на домашата електрична енергија со цел да се намали потребата за увоз на енергија на што пониско ниво, а со тоа и порастот на цената на електрична енергија,а до тогаш граѓаните можат да умираат. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** За реплика е пријавена госпоѓа Дулиќ Благородна, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам потпретседателке.

Колеги денеска слушнавме интересни работи. Се откри топла вода од страна на СДС дека имало сиромашни луѓе во Република Македонија.

Второ, оваа седница е продолжение на дебатите што се одржуваат во организација на господинот Милчин. Што значи тоа? да се збори ради зборување, а да не се постигне никаква друга цел освен да се напаѓа Владата и да се навредува парламентарното мнозинство во ова Собрание.

Никој не се осврна на конкретниот закон и да го погледаме онака како што Деловникот налага. Потребата од донесување значи усогласеност со Уставот пред се и и со останатите закони кои што ја регулираат оваа област и дали овој закон воопшто е применлив онака како што е концептиран. Ни едното ни другото.

Сето она друго што се зборува може да се фрли во вода. Да не лажеме ниту еден од граѓаните не Република Македонија дека со ова нешто правиме, односно правите за доброто и за решавање на проблиемите на граѓаните на Република Македонија. Мислам дека сите се толку едуцирани да знаат што се случува и на кој начин ја водите вашата битка за освојување на електоратот. Меѓутоа, тоа се покажа како погрешено, па сметам дека навистина треба да се преиспитате дали со тоа што ќе бидете пратеници од првиот ред или ќе ве префрлат во вториот ред од парламентарните клупи, во суштина не менува ништо.

Според тоа колеги, јас дадов налог да се симне текстот од седницата на Законодавно-правна комисија и на правата работна седница кога ќе се усвојува записникот, ќе констатираме дека нема никаков фалсификат, дека е само тоа болно сеќавање што било и што не било, затоа што не ви се бендисуваше седницата.

А, и порачувам на колешата Лошкова, ако се срами од ова Собрание, може комотно да си излезе. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За контра реплика е пријавена госпоѓа Лошкова Грковаска Славица, повелете.

**Славица Грковска Лошкова:** Госпоѓо Дулиќ,

Вие бевте пример сега дека зборувате само заради зборување. И тоа што го прави Владата на ВМРО-ДПМНЕ две години наназад со рекламните кампањи е токму тоа, промовирање и практицирање на тезата да се зборува само заради зборување, заради тоа што никакви конкретни резултати од вашата работа нема. Нема за граѓаните на Република Македонија да живеат подобро. На вашата гарнитура има, се разбира.

Не би била изненадена во духот на ваквата политика што ја промовирате и практицирате еден ден да осамне конкурс во медиумите дека распишувате конкурс за рекламна кампања “Молчењето е злато” заради тоа што вие само на таков начин знаете да дебатирате во Собранието, а тоа не е Собрание.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Процедурално има побарано господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам потпретседателке.

Веќе неколку пати наназад...

(Гласна реакција од пратеник од место)

**Светлана Јакимовска:** Продолжете ве молам.

**Марјанчно Николов:** Почитувана потпретседателке,

Веќе неколку пати процедурално интервенирав, а тоа е ваша обврска да ги опоменувате колегите пратеници кога ќе се јават за реплика да се придржуваат до она што го кажале колегите.

Согласно Деловникот, тие имаат право на процедурална забелешка само за да дополнат или исправат одредена неточна констатација. Колешката Дулиќ беше многу безобразна и вулгарна во своето излагање и се обиде да ја релативизира целата расправа во Собранието на Република Македонија. Зборуваше на страна од она што го зборуваше колешката Грковска и мислам дека требаше да ја опомените и да не и дозволувате во Собранието повторно да се дигнат тензиите.

Ако таа цени дека законот не е издржан или дека колешката Грковска зборувала надвор од тоа што требала да зборува, трабаше да се јави за дискусија, а не со реплики, во кои што на најнекултурен начин, што не доликува на едно Собрание овде да се изјаснуваме како да сме на муабет кај некои пријатели.

Значи, ова е сериозна тема и ние не сакаме да навлегуваме во процедурални забелешки, или да се препукуваме со колегите пратеници од ВМРО-ДПМНЕ. Овој закон е поднесен од СДСМ и треба колегите да го почитуваат. Би сакале со аргументи да не демантираат во она што го предлагаме. А дискусиите од типот: зборувате колку да зборувате, или да се релативизира целата работа, мислам дека не држи, оди на штета на нас пратениците, на самото Собрание, а најмногу на штета на колешката Дулиќ и на партијата од која што доаѓа. И затоа ве замолувам во иднина да ги прекинувате овие дискусии, без разлика од која партија се дискутантите.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Вие сте во право. Меѓутоа, јас ниту дискусијата, ниту репликите, ниту контрарепликите претходно не можам да ги знам. Имаше и во диускусијата дел, имаше и во репликата дел и во контра репликата она што вие сега го кажувате. Но, во право сте.

За процедурална интервенција господинот Горан Мисовски.

**Горан Мисовски:** Благодарам потпретседателке.

Навистина ми е жал што претседателот на Собранието не е сега тука. Но, сакам повторно да укажам од оваа говорница дека ниту претседателот, ниту вие немате еднаков третман кон пратениците од позицијата и од опозицијата. Мене постојано ми се случува од оваа говорница претседателот на Собранието да ме коригира како треба да биде мојата дискусија согласно Деловникот кој што го подразбира тој, еве и вие. Само сакам да го цитирам претседателот на Собранието исто во контекст на она што го говореше и мојот колега Марјанчо Николов. Денот кога го избравме претседателот на Собранието претпоставувам дека во името негово, во името на парламентарното мнозинство, во ваше име како потпретседател даде изјава. Вели вака: денес седнувам овде како прв меѓу еднаквите со надеж дека Собранието ќе успееме да го направиме институција како што заслужува да биде. И продолжува: еднаквиот третман на пратениците ќе биде моја заложба. Навистина мислам дека оваа изјава која што ја даде претседателот треба да важи и за потпретседателот на Собранието. Впрочем тој е прв меѓу еднаквите нас овде. Тој ја води оваа седница и мислам дека треба да има еднаков третман кон нас пратениците. Не може за еден пратеник да се толкува Деловникот на еден начин, говорам за пратеник од позицијата, а за пратеници од опозицијата да важи некаков друг Деловник. Дозволете ни да можеме да си ги искажеме нашите ставови, да си ги искажеме нашите согледувања во врска со законот, овој и тие идните кои што доаѓаат и тие претходно што сме ги дебатирале. Ве молам, немојте на ваков начин да се однесувате.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Ина збор господинот Миле Андонов, повелете.

**Миле Андонов:** Благодарам почитувана потпретседателке, почитувани колеги и колешки.

Во повеќето земји членки на Европската унија, како Франција, Италија, Велика Британија, Шпанија, Португалија, Шведска, Финска, Грција, Унгарија и т.н., кои се далеку побогати и со далеку подобра економска состојба отколку нашата, при либерализацијата на пазарот на електрична енергија, воведени се и социјални заштитни мерки од енергетската сиромаштија. Истото е сторено и во Хрватска, во Бугарија, во Романија, веќе во Косово, Босна Херцеговина, Албанија и Србија. Република Македонија е единствената земја во регионот во која не е воведена социјална заштита од енергетската сиромаштија.

Република Македонија мора да воведе законска рамка, која ќе ја регулира социјалната заштита од енергетска сиромаштија. За нашата држава нема сакам или нејќам. И тоа заради следните две најбитни причини.

Прво, Уставот според кој едни од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија претставува хуманизмот, социјалната правда и солидарноста.

Второ, договорот за формирање на енергетска заедница кое ова Собрание го ратификуваше во месец 07.2007 година, според кој Република Македонија се обврза меѓу другото да се грижи за енергетската сиромаштија.

Со овој закон како што е предложено, ќе се опфатат следните групи на домаќинства кои можат да ја користат социјалната помош од енергетска сиромаштија. Во неколку наврати, претходните дискутанти, моите колеги ги наведоа овие групи, уште еднаш ќе ги прочитам заради јавноста и заради колегите од позицијата.

Прво, тоа се група на домаќинства кои добиваат постојана социјална парична помош согласно законот.

Втората група е домаќинства во кои нема ниту еден вработен, кои не се корисници на постојана социјална парична помош и немаат друг извор на приходи.

Третата група е домаќинства кои имаат невработено лице корисник на паричен надоместок во случај на невработеност од Агенцијата за вработување, кое се движи во висина на постојаната социјална парична помош, и истиот е единствен приход на тоа домаќинство.

Во четвратата група, спаѓаат домаќинства со повеќе од два члена во кои има еден пензионер што добива минимална пензија од прва група и истата е единствен приход на домаќинството.

И, последната група е домаќинства со повеќе од два члена во кои има само еден вработен со минимална плата, чиј износ се движи во висина на постојаната социјална парична помош и нема други приходи во тоа домаќинство.

Значи, воведувањето на повеќе групи на домаќинства кои што ќе може да ја користат социјалната помош за енергетска сиромаштија, а не само оние кои примаат социјална помош, беше една од главните причини за изготвување на посебен закон. Едноставно на сите овие групи на домаќинства им е потребна социјална помош од енергетска сиромаштија. Ако некој тврди дека на некои од овие групи не им е потребна помош при плаќањето на сметките, едноставно не живее во реалноста, а реалноста е според овие групи на домаќинства цифра од околу 60 илајди домаќинства.

Мојот почитуван колега Макрадули ги повика колегите пратеници од позицијата да го подржат овој закон. Меѓутоа, со текот на дискусиите сметаме дека нема да имаме подршка од нив. Во тој контекст ги запраша, дали нема да се срамат кога сега нема да гласаат, а ќе го гласаат законот истиот, сличен, или не знам каков кога ќе биде предложен од страна на Владата. Јас овде би додал, точно е дека тогаш колегите пратеници ќе го подржат тој закон и ние ќе го подржиме како таков до колку овој денес предложен од СДСМ нема да помине Меѓутоа, ќе ги потсетам сите дека вакви закони од најсвежа природа ни е Законот за стечајци, кога се предвидуваше дека Владата ќе предложи закон за стечајците во кој ќе се опфатат околу 6 илјади стечајци. На крајот се донесе Закон, таков каков што го донесе позицијата со кој се опфатија едвај околу илјада. Аналогно на тие претпоставки мислиме дека Владата ќе предложи закон, меѓутоа закон во кој што евидентно ќе има потреба за згрижување од енергетската сиромаштија за 5, или 6 пати помалку, значи некаде околу 10 илјади домаќинства наспроти овој што го предлагаме денес ние од СДСМ со поширок опфат на домаќинства со 60 илјади.

Овде би се осврнал и на постапката, односно документацијата која ја предлагаме со овој закон. При изработката на овој закон е водено сметка за целата постапка да биде што е можно пократка и поедноставна, а потребната документација да биде што е можно помалку обемна. Значи во однос на потребна документација со законот е предложено истата да биде доставена само во копија која не мора да биде заверена кај нотар, со цел овие граѓани да не се изложуваат на дополнителни трошоци и ред други работи. Во интерес на времето да не биде исто како и сега со исплатата на стимулациите каде што сме сведоци од 45 милиони евра едвај половината не можат да се исплатат на земјоделците од причини што постапката која ја предвиде оваа Влада ги стопира земјоделците да ги остварат своите цели.

Во делот дека Министерството за финансии во Буџетот за 2009 година нема предвидено средства за социјална заштита од енергетска сиромаштија наводно поради не постоењето на законска основа. СДСМ нуди конкретно законско решение со точно утврдени рокови за неговата имплементација. Тоа е поточно овој закон. Владата на Република Македонија е подготвена да оди на штета на најсиромашните граѓани само да не прифати решенија предложени од СДСМ. Дека сме ние сериозни во намерата и во поднесувањето на еден ваков закон ќе бидеме доследни и при донесувањето на Буџетот за 2009 година да поднесеме амандмани за обезбедување средства за поддршка на закон за заштита од енергетска сиромаштија. Значи, тоа ќе биде продолжение на оваа седница.

На крајот, морам да потенцирам дека со донесувањето на овој закон постојат други бенефити, односно други потенцијали за позитивни активности. Имено, доаѓам од Кочани каде што стопанисува комуналното јавно претпријатие “Водовод” едно од најуспешните, можеби е и најуспешно претпријатие во Републикава кое го снабдува населението со вода за пиење. Таму раководните луѓе се спремни да се донесе одлука за социјална заштита за корисниците, за потребен минимум за вода за пиење. Меѓутоа, мислам дека основа и иницијатива за реализација на ваквата идеа ќе биде токму донесувањето на еден ваков закон.

Последователно на ова ќе следуваат секако и се надевам закони по кои ќе може и ЈП Македонски шуми на овие категории на граѓни да им достават дрва за огрев, затоа што знаеме каква е состојбата кај тие семејства и да овие акции за пошумување како што е утрешниот ден на дрвото со утешни 6 илјади и претходно 2 илјади садници засадени, на еден начин ги заштитиме луѓето од сиромаштијата не ги опскрвуваат насадите околу населените места, само заради егзистенција од студот.

За крај, сметам дека СДСМ не прецедира дека предложениот закон е најидеален, како што впрочем ни еден закон во светот не е најидеален, поради што е подготвен сите добронамерни предлози да ги прифати и имплементира за да се подготви ова законско решение, сепак ова е прво читање. Со овој закон можеби нема целосно да се решат проблемите на граѓаните кои ќе бидат опфатени со него, но сигурно ќе им ги ублажат пробелмите. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателке.

Колешката Грковска го започна своето излагање дека се срами што е дел од овој парламентарен состав. Јас се срамам уште од четвртокот, кога беа седниците на Законодавно-правната комисија и Комисијата за труд и социјална политика. Всушност се срамам од состав на Парламентот каде што претседател на Законодвно-правната комисија е госпоѓата Дулиќ. Мене не ми смета ако госпоѓата Дулиќ јаде чоколоадо. Апсолутно не ми смета. Ама ми смета кога таа госпоѓа е најповикана да одговори, зошто во нашиот Предлог закон најде уставна мана. Госпоѓо Дулиќ, од 2006 кога бевте и во минатиот состав претседател на Законодавно-правната комисија, знаете ли колку пати ставивте параф на предлози на Влада дека немаат уставен проблем, а Уставниот суд ви ги укина? Ваш беше потписот. 125 иницијативи, до денес 69 укинати, а претседателката на Законодавно-правната комисија велеше нема проблем, согласно Уставот. Тоа треба овде да го дебатирате, а не да водите сметка за однесувањето на опозицијата.

Значи апсолутно не држи, не држи Извештајот што повторно сте го потпишале и дека предлогот што доаѓа од група пратеници од Социјал демократскиот сојуз, бил формално правно неоснован за донесување, од причини што Уставот на Република Македонија утврдува дека граѓаните социјалната помош ја остваруваат согласно со закон, а тоа е Законот за социјална заштита. Не е точно. И вие тоа го знаете подобро од нас кои не сме правници. Значи социјалната заштита е уредена и со Законот за локалната самоуправа и категоризација има. Социјалната заштита спроведувана на локално ниво, како ќе се уредува. И вие тоа го знаете.

Нема мана нашиот Предлог закон. Има само едно нешто заради кое нема да добие можност да влезе во собраниска процедура, а тоа е не постои политичка волја од Владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, да донесе закон согласно кој ќе му пружи можност социјална заштита на социјално ранливи групи од енергетска сиромаштија. И ќе ви кажам зошто. Дискутиравме и на Комисија за труд и социјала. Заради тоа што Европската банка за обнова и развој, финансираше веќе проект и проектот е завршен и ќе цитирам излагање од госпоѓата Слаѓана Икономова од Министерство за труд и социјална политика, вели: “студијата потврди дека енергетската сиромаштија е проблем и во регионот и во Република Македонија. Заради тоа дава, со финансика помош на Европската банка за обнова и развој создаден е проект, за социјална заштита од енергетска сиромаштија во која учествуваа и претставници на Министерството за труд и социјала, и Министерство за финансии, ЕЛЕМ, МЕПСО, ЕСМ, Организација на потрошувачи и тој проект, еве ја изјавата, завршил март 2007 година. Во него вели госпоѓата Икономова се содржани предлозите за намалување на енергетска сиромаштија. Ама тој проект лежи во фиоките на ВМРО-ДПМНЕ, бидејки очигледно е не добива зелено светло од Владата, а има потреба, апсолутна потреба има бидјеки сиромаштијата во Република Македонија рапидно расте.

Сите знаеме дека ЕЛЕМ поднесе пред Регулаторната комисија за енергетика, барање за зголемување на цената за 70%. Знаете зошто не е одобрено? Заради можност од социјални немири. Владата на ВМРО-ДПМНЕ одлучи умирањето да го прави на рати. Па затоа од 1 ноември граѓаните ќе плаќаат поскапа енергија за 13%, ама не е само тоа. Пред 5 дена од Буџетот на Република Македонија од средствата на истите тие граѓани, кон МЕПСО втора транша им дадовме финансиска инекција која значи она делче варење за зголемување на цената, 500 милиони денари. Минатата година 800 или 900. Значи средства на граѓаните ќе се влечат по сите основи, ама цената на електричната енергија ќе расте. Нити ќе расте цената на висината на социјална парична помош, ниту платите ќе растат, ниту пензиите. Ќе расте само сиромаштијата. И не за џабе во првата програма имавте уредно напишано дека ќе спроведувате активни политики, мерки за заштита од сиромаштија, ама во новиот предлог тоа го немате. Значи ја искоренивте сиромаштијата, или со проектот народни кујни го решивте проблемот. Па проектот народни кујни почитувани колеги од ВМРО-ДПМНЕ, значи прифаќање на реалност: Во Република Македонија има луѓе кои умираат за леб, е тие луѓе не можат да си ја поднесат зголемената енергија, не можат да платат. Ќе ни умираат луѓе од студ на почетокот на третиот милениум. Зошто? Заради тоа што и покрај фалбите дека во овој Македонија има најголем, најтежок Буџет нема пари, нема сенс, нема волја да се оделува, за оние на кои им е најпотребно,

согласно Устав, Република Македонија се грижи за социјална заштита на своите социјално ранливи групи.

Јас навистина чувствувам и мислам дека најмалку што може да сторите, со оглед на тоа што очигледно сте притиснати од лидерите на вашите политички партии да гласате против, барем засрамете се. Значи мора да најдеме сила и волја и она што го баравме знаете што е? Гласајте во корист на потреба на донесување на ваков закон. Спремни сме и да прифаќаме амандмани и во соработка со Владата да направиме едно нависитна квалитетно решение, за тие што им треба. Ама, вие очигледно немате ниту сенс ниту волја да го донесете. Знаеме дека од 1 јануари ќе следи ново покачување на електричната енергија. Уште пред една година говоревме дека ВМРО-ДПМНЕ се труди и убедува и навистина успева за жал, впрочем и господинот Коњановски заради рапидното уништување на производствениот капацитет на РЕК Битола, кој патем произведува 75% електрична енергија, го намали, драстично го намали, го уби дефакто можноста и развојниот капацитет на тој производствен капацитет и се разбира беше награден со удобна министерска фотелја за одбрана. Ама во РЕК Битола во овој момент долгот е околу две милијарди денари. Во овој момент шест месеци багерот кој требаше да ги храни трите термо блокови не работи, иако од 2 мај беше хаваријата до ден денес сеуште, и тоа пазите, тендерот го распишала Владата а не Електростопанство. Колегите говореа и дека нема назначено ни директор. Нормално дека нема назначено. Директорот ќе значи лоцирање на одговорност. Никој не сака да ја преземе одговорноста за уништувањето на РЕК Битола.

Ќе се обидам да завршам. Ве молам почитувани колеги, имајте ги предвид новите одредби на новиот Деловник за работа на Собранието на Република Македонија. Ако денес гласате против потребата за носење на ваков закон, согласно Деловникот, следните три месеци во ова Собрание не ќе смее да се поднесе иницијатива за вакво законско решение. Денес сме 18 ноември. До 18 февруари согласно Деловникот не ќе смееме повторно да дискутираме за вакво законско решение. А дотогаш кој знае колку пати Регулаторната комисија за енергетика ќе дозволи поскапување до бараните 70% зголемување на електричната енергија од нивото што беше до 1 ноември. И тоа ќе е страшно. Се надевам имате можност, само немојте како членовите на Комисијата за труд и социјала, и почитуваната потпретседателка присуствуваше на таа Комисија, чувствував дека се срамат самите од себе. Чувствував дека знаат дека аргументите кои ги изнесуваат против гласањето на потребата на овој закон не им држат вода. Да, во Република Македонија имаме сиромашни граѓани. Должни сме, Уставот не обврзува да им спроведеме социјална заштита. Ајде тоа да го сториме заедно. Без оглед што предлогот доаѓа од нас, спремни сме апсолутно на сите нивоа да консултираме не само вас како претставници на владеачкото мнозинство, се разбира и претставници од извршната власт односно извадете го проектот од Министерството за труд и социјала, спремни сме да го поддржиме. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има госпоѓа Дулиќ Благородна, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам претседателе.

Прво пред се и се заблагодарувам на колешката што ме идентификува со целата Законодавно-правна комисија која што брои 13 члена.

Второ, мојот став по ова прашање го искажав токму на Законодавно-правната комисија, иако беше кажано дека немало дебата се претпоставува дека нема дебата ако не се прифати нечие мислење кое што воглавно е содржано во Записникот што го имате пред себе ако не сте ја гледале снимката од оваа седница.

И трето, немам коментар на вашето тврдење дека ова прашање е решено со Закон за локална самоуправа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика, госпоѓа Бендевска Весна.

**Весна Бендевска:** Госпоѓо Дулиќ, собраниските служби ни го изготвија материјалот колку одредби Уставниот суд поништил, а вие како претседател на Законодавно-правна комисија сте им дале зелено светло, односно сте утврдиле дека се во согласност со Уставот. Заради тоа и впрочем реагирав дека вие на еден Предлог на закон кој апсолутно е поткрепен и произлегува од Устав, најдовте дека е во спротивност со одредби од Уставот. Навистина е срамно. Навистина ваков проект заслужува бело светло. Не само што сме превзеле обврска со потпишувањето на Договорот за енергетска заедница, дајте да размислуваме како вистински претставници на граѓаните. Помош им треба на граѓаните. Затоа ве молам подалеку од партиските определби. Ние овде не сме партиски војници. Ајде да бидеме претставници на граѓаните на Република Македонија што не бирале.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има господинот Котески Никола, повелете.

**Никола Котески:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Колешката Весна Бендевска искажа неколку работи поврзани со работењето на РЕК Битола на кои што сакам да дадам соодветен одговор. Спомна термини уништување на РЕК Битола, убивање на РЕК Битола. Значи го кажа тоа паушално без било каква аргументација. Јас сега ќе прочитам една одлука на Управниот одбор од 23.03.2006 година потпишана од претседателот на Управниот одбор доктор Панде Лазаров во која што вели: Одлука за невршење на планирани ремонти, ремонтни активности во РЕК Битола и РЕК Осломеј за 2006 година. Планираните ремонти за 2006 година утврдени во планот за производство на електрична

енергија за 2006 нема да се извршуваат во РЕК Осломеј и РЕК Битола поради тешката финансика положба на АД Електрани на Македонија во државна сопственост Скопје. Значи невршењето на редовни ремонти на термоблоковите во РЕК Битола можеше да доведе до уништување и до убивање на РЕК Битола. Споменав претходно и дека во 2004 година на еден од блоковите не се изврши ремонт ни во 2005 година на друг термо блок. Значи повторно ќе кажам невршењето на редовни ремонти на термо блоковите може да доведе до сериозен застој на производство на електрична енергија. И покрај тоа и покрај таа наследена тешка состојба во РЕК Битола и воопшто во ЕЛЕМ, раководството на ЕЛЕМ смогна сили и успеа да продолжи континуирано со работа и да ги исполнува планираните норми за производство на електрична енергија за 2007 и за 2008 година. Сите оние што работат во РЕК Битола добро знаат што значи да не се вршат редовни ремонти и колку тоа влијае на производството на електрична енергија.

А околу тоа дека се споменуваше дека во РЕК Битола нема директори, во РЕК Битола комплетно има кадровска структура, има в.д. директор, има заменик директор, има директори за производство на термоелектрани, на рудник и мислам дека воопшто целосната кадровска екипираност е во ред и мислам дека нормално функционира. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика госпоѓа Бендевска Весна.

**Весна Бендевска:** Колега Котевски, вие верувате во онаа десет пати повторена лага станува вистина. Апсолутно не е точно дека не биле вршени ремонти на трите блока. Ама апсолутно. Знам само дека во тој период е извршена целосна автоматизација на третиот блок со сопствени сили и средства. Биле вршени да, ремонти со помош на внатрешните многу стручни и компетентни кадри. И гледајте во тоа време ве молам дали знаете колкав беше бројот на испади или на дефекти или хаварии, во споредба со она од времето на Коњановски, па вие сами знаете во Битола го викаа мистер хаварија. Господинот Коњановски го доби тој назив. И знаете што? Од кога замина Коњановски ниту еден испад на ниеден блок ниту една хаварија, ама хавариите што ги остави зад себе ден денес не се уредени. Само да ви кажам ќе ви го доставам материјалот, шестмесечното непоправање на багерот, досега 16 милиони евра од касата на ЕЛЕМ се потрошени.

**Трајко Вељаноски:** Ви благодарам.

Има збор госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседате.

Почитувани пратеници, колеги пред се од парламентарното мнозинство што си донесовте Деловник по ваша мера, па сега кога ќе го видите дисплејот дека има десетина пријавени комотно можете да си замените кој подома кој по трговски центар без да мора да бидете тука присутни. Во овој момент сакам да се извинам на оние неколкумина 5-6 кои што секогаш се присутни во салата за волја на вистината, зборувам од парламентарното мнозинство, а останатите како и досега така и сега ги нема во оваа сала, ги уживаат благодетите на Деловникот кој што си го донесовте.

Но да бидам искрена почитувани колеги пратеници очекував дека барем кога дебатираме за закон кој што е од огромно значење за една голема категорија на луѓе во Република Македонија и тука ќе речам, за жал голема категорија на луѓе во Република Македонија, велам за жал затоа што ги има многу, многу голема бројка луѓе кои што навистина не можат не да си ја платат електричната енергија, туку не се во можност дури и да преживеат ден за ден.

Токму поради тоа почитувани колеги денеска требаше да говориме за потребата од донесување на еден ваков закон. И јас зедов збор за да дадам поддршка за потребата од донесување на ваков закон. Дали ова е најдоброто законско решение јас во овој момент не можам да кажам и сметам дека можеби како што и секогаш има можност да имаме и подобри законски решенија. Можеби требаше да дебатираме околу тоа дека потребата е евидентна, но можеби овие луѓе не треба да се поделат во пет категории како што има предлагачот, доколку дозволевте да законот помине во втора и трета фаза, ние да предложевме да има 4 или 5. Можеби ќе требаше овде да дебатираме, и требаше да дебатираме дали 300 кило ват часови се доволно, малку или многу за она што го предложиле колегите, ама ако дадеше можност Законодавно-правната комисија или ако сека вие дадете можност да дебатираме понатаму и да најдеме начин како да им помогнеме на овие луѓе. Сметам дека со овој срамен извештај кој што го добивме од Законодавно-правната комисија и врз основа на ефикасниот Деловник, за кој што патем не мислите ниту буква ниту запирка да промените, а успеавте да го претворите Собранието наместо во храм за демократија во некропола на демократијата, значи во таа насока е и овој Записник што имаме пред нас и ве молам, вели: Потребно е да се интервенира претходно во Законот за социјална заштита за да се даде можност за утврдување на нови социјални загрозени категории во Република Македонија од било која област, за да се пристапи кон решавање на проблемот. Па тоа го говориме почитувани колеги, дајте му проодност на овој закон, па ќе видиме, ќе направиме измени и во другиот закон. За тоа сме тука за да работиме, не да шетаме низ градот. И потоа понатаму вели: Добро е што пратениците расправаат за овој проблем, за што ќе биде запознаена - патем македонски е “запозната”, говорете македонски - и Владата на Република Македонија, но потребно е да се знае прецизно колку финансиски

импликации се потребни за едно домаќинство за да се има точни податоци колку граѓани ќе бидат опфатени со ваква мерка и со тоа колку ќе биде оптоварен Буџетот на Република Македонија. Ќе го сторевме тоа ако дозволевте да оди во следната фаза. Токму тоа требаше заеднички да го направиме. Ако СДСМ поднесе Предлог за донесување на закон, ние сега треба да кажеме дали навистина овие пет категории на луѓе имаат потреба да имаат, да ги користат придобивките од еден ваков закон. Дали навистина во Македонија има семејства кои што не можат да си ја платат електричната енергија, и сите ќе се согласиме дека има. За тоа говориме. На тие луѓе треба да најдеме час поскоро начин да им помогнеме. Да им помогнеме, барем малку од малку да им го направиме животот достоинствен.

На крајот на краиштата, не можам да го разберам ова, тврдењето на опозицијата дека Република Македонија се наоѓа пред голема енергетска криза дека не е точно. Се извинувам, можеби ви пречи "голема", требаше да кажеме енергетска криза, а времето ќе покаже колкава е, бидејќи очигледно снабдувањето со електрична енергија сепак се одвива редовно. Да, се одвива редовно, меѓутоа, почитувани колеги до кога ќе се одвива прво редовно, а второ, на оние луѓе што нема да имаат можност да си ја платат електричната енергија малку ќе им значи дали ќе биде редовно или нередовно, затоа што нивните домови ќе останат ладни и нивните домови ќе останат темни. За тоа говориме во овој момент и затоа сметам дека има потреба од донесување на ваков закон.

Понатаму вели: статистичките податоци во однос на растот на индустриското производство одат нагоре - ве молам, одат нагоре - а инфлацијата не е онолку висока колку што се сака да се прикаже. Колку колеги треба да биде висока? Па излезете во продавница, ќе видите колку чини литар масло за јадење, колку чинат млечните производи, па колку да биде висока, ве молам. Онолку висока!

И на крајот, најсрамно за ова Собрание: Владата на Република Македонија во континуитет ги следи состојбите кои произлегуваат од светската криза во сите сфери и одраз на граѓаните ... итн, итн, се во стилот на скапо платените реклами на 100 дена Влада, скапо платените реклами за фалење на граѓаните, за лажење на граѓаните, а за фалење на Владата.

Меѓутоа, почитувани колеги пратеници, доколку овие семејства, утре, други ден, останат без електрична енергија, не само што ќе имаат ладни домови, не само што ќе немаат светло, нема да можат да ги гледаат и рекламите на оваа Влада која ги плаќа скапо со пари од граѓаните или како што самите ќе кажат - се извинувам, дел од касата на ВМРО-ДПМНЕ, не знам колку, таа е толку голема за да може да плаќаат толку скапи реклами. Значи нема да можат да ги следат и нема да знаат дека во Македонија колку убаво се живее колку ќе сакаат да кажат рекламите. Нема да можат да ги следат рекламите за "Образовај се", затоа што не можат да се образоваат, за што ќе учат нивните деца, на свеќа? Нена да имаат електрична енергија во своите домови, нема да можат ни да ја следат рекламата за веронаука, каде што ги терате да учат веронаука, па за да можат да се помолат на Бога малку од малку им биде поснослив животот, да не живеат во темнина на мраз и студ. Е нема да можат ниту да ја следат рекламата "Ослободи го срцето, ослободи го умот". Како ќе го ослободат кога нивните срца се ладни, кога нивниот дом е ладен. Како може нивното срце да биде топло и како можат да го ослободат умот, почитувани колеги. Да, тоа е апсурдноста на вашите реклами. Слободен ум може да има човек кој барем може во основа да ги задоволи своите потреби за егзистенција. Останатите луѓе не можат.

Лесно ви е колега да аплаудирате, многу е лесно. И јас би аплаудирала да сум на ваше место, да седам удобно, да мислам како да си ја направам кампањата за градоначалник, а кога ќе дојдат вакви теми, да се кријам или да излезам надвор. Тогаш е многу лесно. Меѓутоа, ако почитуван колега, покрај другото, и остане Република Македонија без електрична енергија, и на премиерот ќе му се стопат восочните фигури, за кои се потрошени 3-4 милиони за една восочна фигура, а овде немаме пари да дадеме, да им помогнеме на најсиромашната категорија на граѓани. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има госпоѓа Поповска Лилјана, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници,

Еве, некому му е до шега и мајтап кога зборува за сериозни теми. Сериозни теми се секако сиромаштијата и маката на луѓето кои немаат доволно приходи за да можат да ги платат сметките за електрична енергија, но еве на колешката не и пречи да си бие мајтап користејќи ја оваа тема. Мислам дека цинизмот колешке не е потребен кога се зборува за овие работи. Исто така, нема потреба од цинизам кога го парафразирате мислењето на Владата. Мислам дека сосема погрешно го парафразирате и толкувате.

Од она што го кажала Владата е сосема јасно дека е свесна за проблемите со кое што се соочуваат граѓаните, дека е свесна дека има проблем со сиромаштијата и дека е свесна дека треба да се најде мислењето на она за кое што го третиравте мислењето како став на колегите.

(Дофрлање од место)

Пардон, пардон, секој може да згреши во зборувањето, гледам на саатот за да не ми изминат минутите нели така.

Значи, мслам дека сосема погрешно ги толкувате мислењата кои што беа искажани ставовите и дека постои јасна свесност дека има реални проблеми со сиромаштијата и дека треба да им се помогне на одредени категории граѓани.

Јас сакам да поддржам еден ваков закон, јас ќе го поддржам иако ова не е најсреќно решение. Категоризацијата што е предложена не е најсоодветна и не одговара на она што потои во Законот за социјални работи. Бидејќи јас сум претставник од ДОМ која што како зелена партија ја има социјалната правда како еден од приоритетитем моја природна и логична обврска е јас да поддржам било каков предлог кој што се обидува да ја подобри состојбата на социјално загрозените семејства и лица.

Од друга страна верувам дека и оваа дискусија и оваа расправа ќе помогне во функција на лобирање и кај претставниците од Владата да изнајдат соодветно решение за оваа категорија на граѓани бидејќи тоа е секако неопходно и за тоа сме сите свесни и од колегите и од владиното мнозинство.

Значи јас ќе гласам во поддршка на ова решение иако сум свесна дека тоа овој пат нема да помине, но како поттик да се размислува и од страна на пратениците и од страна на пратениците и од страна на Владата за изнаоѓање на соодветно решение. Инаку, точно е дека постојат како што е наведено во предлог образложението за овој закон дека постојат земји каде што се третира социјалната, енергетската сиромаштија на соодветен начин. Во некои држави се одредени категории ослободени од плаќање, а во некои имаат специјална социјална тарифа.

Во секој случај на предлагачите им се заблагодарувам за иницијативата за отворањето на ваква расправа, а верувам дека наскоро ќе имаме издржан и соодветен закон за кој што ќе можеме сите да гласаме и да ја подобриме состојбата на терен. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам.

Вие, почитувана колешке се пријавивте во првата секунда од мојот говор кога јас уште не бев рекла ни благодарам почитуван претседателе, а тоа е затоа што не бевте тука, во првата минута кога требаше да се пријавите за дискусија, според Деловникот кој што вие го донесовте. Ете тоа е проблемот. И мајтап е точно, мајтап е ова што вие го говорите и мајтап и несериозност и хипокризија е тоа што велите ќе гласам за овој закон, затоа што знам дека нема да помине. Видете ги стенограмите точно така рековте. Значи, ќе гласате затоа што знаете дека нема да помине тоа е хипокризијата, тоа е цинизмот, тоа е иронијата. За жал, почиутувана колешке, од вашата реплика во одбрана на Владата бенефит нема да имаат граќаните. Единствено ќе имате вие и вашата партија, што најверојатно ќе добие уште некое директорско место како награда на успешната реплика. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Со оглед на тоа што господинот Аднан Јашари не е присутен тука, го губи правото на збор.

Има збор господинот Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Ретко во Собраниево имаме можност да расправаме по иницијативи и предлози што по својот карактер и суштина треба апсолутно да бидат поддржани од сите пратеници.

Денеска, на дневен ред имаме токму еден таков предлог. Собранието треба да донесе закон со кој што ќе им помогнеме на социјално загрозените групи граѓани да бидат заштитени од енергетска сиромаштија во Република Македонија.

Почитувани колеги,

Јас знам дека, кога би отвориле расправа за проблемите и перспективите во електроенергетскиот систем и сето она што се прави денеска со него, кога би отвориле расправа за состојбите во економијата, што имаат сериозно влијание врз животниот стандард на граѓаните, кога би отвориле расправа за тоа дали во Република Македонија преовладува пreродбеничкиот дух или пак духот на сиромаштијата, можеби тогаш објективно би имале различни мислења, а можеби и остро спротивставени. Меѓутоа, и покрај разликите што се најавија уште во комисиската расправа, сепак постојат неколку непобитни факти што апсолутно ја оправдуваат намерата за носење на еден ваков закон.

Најпрво, Уставот на Република Македонија, највисокиот правен акт во државата, генерално хуманизмот, социјалната правда и солидарноста ги дефинира како темелни вредности на уставниот поредок.

Понатаму, во Главата за економски, социјални и културни права, преку членовите 34 и 35, парафразирам, на граѓаните им го гарантира правото на социјална сигурност и недвосмислено упатува на тоа дека државате ќе се грижи и на граѓаните ќе им обезбедува социјална заштита и сигурност, односно им го гарантира тоа право.

Почитувани колеги,

Денеска имаме два обврзувачки фактори што Собранието и Владата мора да ги имаат предвид кога дискутираме за потреба од донесување на еден ваков сериозен закон.

Првиот фактор, што ќе го наречам формален, произлегува од обврските што Република Македонија ги има преземено на меѓународен план, за што зборуваа пред малку колегите и колешките, па не би било згодно и јас да ги повторувам.

И вториот, непобитен фактор што налага сериозно да дискутираме и без резерви да прифатиме потреба од носење на еден ваков социјален закон за заштита од енергетска сиромаштија, е фактичката состојба на граѓаните во Република Македонија.

Почитувани колеги,

Сите сме свесни дека премногу помпезно, премногу гласно се форсира еден виртуелен впечаток, со амбиција истиот да стане аксиома на непобитно јавно мислење на мнозинството граѓани, дека животниот стандард во Република Македонија секој ден, во секој поглед се повеќе напредува и само прашање е на ден кога во фонтаните ќе видиме млеко или мед и млеко да тече по улиците. Меѓутоа, наспроти пораките и рекламните кампањи, сепак, како пратеници, треба малку посериозно да приоѓаме на работите. Објективно да ги согледаме состојбите и да носиме реално полезни одлуки за граѓаните.

Слушам дека дел од колегите пратеници, водени од амбицијата да ја оспорат потребата од носење на еден ваков закон ја проблематизираат веродостојноста на дел од податоците што предлагачите на законот ги користат во функција на докажување токму на спротивното. Дека Законот за социјална заштита под енергетска сиромаштија е неопходно потребен да биде донесен. Не сакам да спорам со нив, но најдобро намерно, сите кои имаат било какви дилеми би ги упатил на сајтовите, на официјалните владини и државни институции и установи. На тие сајтови, покрај силната волја, што веруваме во розева сегашност и уште порозева блиска иднина, сепак ќе наидеме на податоци што упатуваат на сериозна бројка на семејства во Република Македонија или да ја кажам точно 57 илјади семејства, според податоците на Министерството за труд и социјална политика.

Почитувани колеги,

За тие 57 илјади семејства, сегашноста е еднаква на сиромаштија, а иднината е сведена на утре.

Можеби нам да ни се допаѓа или да не ни се допаѓа фактот дека, за жал, животниот стандард во Република Македонија ја губи битката со секојдневните поскапувања и со инфлацијата. Меѓутоа, никој не ни дава за прво да ги затвориме очите пред немоќта на нашите граѓани, буквално да ја презимат зимата и така, почитувани колеги, не смееме ноншалантно да ја отфрлиме можноста со закон да воспоставиме систем на мерки и активности во прилог на нивна, колку-толку заштита од извесната енергетска сиромаштија.

За мене, особено неприфатливо и рамно на тотална, би рекол неодговорност, би било во услови кога светот потклекнува на оваа глобална финансиска криза, потклекнува на рецесијата, во услови кога голем број на држави се водат и водат сметка за секој денар, цент, ево или долар, се едно, а ние секој ден гледаме дека од следната недела ќе ја почнеме расправата за најскапиот буџет во историјата на Република Македонија.

Почитувани колеги, да немаме разбирање за најсиромашните слоеви и да не гласаме за еден ваков закон каде што се потребни буквално само би рекол капка од морето на денари што ги има во новиот, реков веќе најскап буџет досега донесен во ова Собрание, не за аздис, туку за достоинствено презимување на зимата на 57 илјади семејства во Република Македонија, тие семејства почитувани колеги не можат да врзат крај со крај.

Ќе завршам, почитувани колеги, со една лична констатација, јас знам дека и вие знаете дека носењето на овој закон е неопходна потреба. И со него, секој пратеник, сакам уште еднааш да апелирам, ќе ја тестира сопствената свест и ќе ја тестира сопствената човечност. Во тоа име, очекувам, бидејќи денеска имаме само прво читање, сесијата за второ читање да биде закажана уште пред почетокот на оваа зима што официјално календарски започна, меѓутоа временски не е .

Во тоа име, почитувани колеги од Парламентарното мнозинство ве повикувам и вие да бидете за носење на еден ваков закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Анастасова Станка, повелете.

**Станка Анастасова:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Денеска дискутираме за еден многу актуелен проблем. Жал ми е што цел ден има толку малку пратеници присутни во салата, значи толку мала заинтересираност од пратениците од владеачкото мнозинство.

Со усвојување на Законот за енергетика се овозможи покачување на цената на електричната енергија од 1 ноември 2008 година. Во Република Македонија производството на електричната енергија катастрофално се намали, а тоа се заменува со многу поскап увоз. Веднаш после донесување на Одлуката за покачување на струјата, платите на ЕЛЕМ се зголемија за 20%. Во европските и светски компании, во вакви ситуации, платите на менаџментот се намалуваат. Тоа значи дека во Република Македонија, граѓаните од својот џеб треба да го платат зголемувањето на цената на електричната енергија.

Од друга страна, економската ситуација во земјава е многу лоша. Постои огромен степен на сиромаштија и невработеност. Цените на основните производи за живот постојано растат а купувната моќ на граѓаните постојано се намалува. Цената на парното греење се зголеми. Цената на дрвата исто така се зголеми. Околу 2800 денари за еден кубен метар. Но, ако ги ставите на тротоарот и ако немате пари веднаш да се исечат и немате време да ги внесете, можеби ќе ве чинат и многу повеќе, бидејќи комуналните редари ќе дојдат сигурно по вас.

Имајќи го предвид фактот дека веќе дојде студот и во зимските месеци расте потрошувачката на електрична енергија, поради тоа најголемиот број на семејствата се греат на струја. Ја користат струјата за загревање на сопствените домови, бидејќи немаат друга алтернатива. Кај домаќинствата со низок животен стандард се

јавува неконтролирано потрошувачка на струјата за греење без можност за плаќање на доспеаниот долг, со што состојбата во електроенергетскиот сектор може уште повеќе да се влоши. Сето ова може да доведе и до рестрикцвии во знабдувањето на нашата држава.

Поради сите овие причини, пратеничката група на СДСМ одлучи да го поднесе овој Предлог на закон за социјална заштита од енергетска сиромаштија. Овој вид на помош е воведен во повеќе земји од Европската унија и тоа далеку побогати од нас, како што се Франција, Италија, Шведска и други земји, а исто така и од нашето блиско соседство. Ваков закон има веќе донесено во Србија, Косово, Албанија, Бугарија итн. Република Македонија е единствената земја во регионот што нема ваков закон за заштита од енергетска сиромаштија.

Целта на предложениот закон е заштита на најсиромашните слоеви во државата од ценовниот шок на струјата, односно покачување на цената на струјата.

Мерките во овој закон ќе овозможат покривање на трошоците за електрична енергија, за месечна потрошувачка од 300 киловат часови електрична енергија на месечна основа, за задоволување на основните потреби на групите домаќинства, опфатени со овој закон и се заснова на уставните начела: законитост, социјална сигурност, социјална праведност и хуманиам.

Во членот 4 се дефинираат критериумите. . .

(џагор во салата)

Ве молам претседателе, ако може да се слушаме.

**Трајко Вељаноски:** Колеги, ве молам за тишина, да ја сослушаме колешката, ве молам, повелете.

**Станка Анастасова:** Во членот 4 се дефинираат критериумите врз основа на кои потрошувачите домаќинства се стекнуваат со право на користење на социјална заштита од енергетска сиромаштија. Голема е потребата од донесувањето на овој закон и, доколку изгласаме дека денеска, ние го изгласаме овој закон, граѓаните ќе бидат стимулирани да ја штедат електричната енергија, бидејќи ако потрошат повеќе од она што им се покрива, тогаш ќе треба самите тоа да го платат.

Почитувани колеги од владеачкото мнозинство, без разлика што предлогот е поднесен од пратеничката група на СДСМ, а пелирам до вас, сите заедно да го гласаме овој закон, да не дозволиме најсиромашните да се смрзнуваат во сопствениот дом, да не дозволиме нивните деца да учат на свеќа, да не дозволиме да бидат цели села исклучени и на крајот, да не дозволиме да има можности за рестрикција на електричната енергија во целата држава. Не сакам да верувам дека нема да гласате денеска. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Станковиќ Емилијан, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Почитуван претседателе, почитувани колеги и колешки пратеници,

На почетокот морам да го изразам своето жалење за односот на владеачкото мнозинство кон овој законски проект што нуди вистинско решени за најзагрозената група, категорија на граѓани во Република Македонија. Искрено верував дека овој Предлог закон за заштита од енергетска сиромаштија ќе биде доволен предизвик за вас пратениците од владеачкото мнзоинство да промениме одредени слабости што на ова Собрание му се случуваат подолго време во континуитет.

Овој Предлог закон иако е предложен од пратеничката група на СДСМ претставува шанса за вистинска дебата, вистински политички дијалог за решавање на најгорливите проблеми на нашите граѓани. Предлог закон кој ја третира енергетската сиромаштија, па претставува мерка за справувањето со поскапувањето со струјата и во исто време обрвска за Република Македонија од ЕУ договорот за енергетска заедница. Во секоја држава членка на Европската унија при либерализацијата на пазарот на струја се воведени социјални заштитни мерки од енергетска сиромаштија. Тоа е случај и со Хрватска, Бугарија, Романија, Босна и Херцеговина, Србија, Албанија, па дури и Косово. Само во Македонија не е сторено ништо. За жал повторно позицијата ја продолжува пракстата без анализа и без логичко објаснување да одбива се она што доаѓа од опозицијата од едниствена причина, само заради тоа што не доаѓа од Владата на ВМРО ДПМНЕ. Наместо ова Собрание да заличи на вистински законодавен дом, само заради односот на владеачкото мнозинство продложуваме да ја играме улогата единствено на сервис на Владата на ВМРО ДПМНЕ. Затоа и немојте да се обидувате во иднина делот од забелешките на Европската комисија нотирани во Извештајот кои се однесуваат на политичкиот дијалог да ги правдате со позицијата. Вината и одговорноста е исклучиво ваша. Одбравте да бидете гласачка машина за закони кои ги штанца Владата и бара да се носат по итна постапка. Дека СДСМ не сака со егзистенцијалните проблеми на граѓаните да прави или да печали дневно политички поени ќе ви покажат следните факти. Свесни за идните поскапувања на струјата овој закон беше предложен од наша страна и во претходниот парламентарен состав, поточно на 14 август 2007 година, од единствена причина надлежните институции да имаат довлно време за имплементација на законот за да им обезбедиме заштита на најзагрозените домаќинства пред почетокот на зимата земајќи предвид дека мнозинството граѓани на Република Македонија ја користат и струјата за греење на своите домови. Заради предвремените парламентарни избори овој закон не дојде на дневен ред. Но добро е што е денес пред нас, добро е за да видат граѓаните колку се грижите за нивните

проблеми, очигледно само во вашите скапи реклами.

Заради нформирање на јавноста министерот за еконимија Фатмир Бесими уште на 30 август најави заштита на најсиромашните од поскапувањето на струјата. Денес сме 17 ноември иако Владата на ВМРО ДПМНЕ, нели работи 24 часа седум дена во неделата сеуште нема ништо. Но, тоа што ВМРО ДПМНЕ не ги есапи министрите на ДУИ не е наш проблем, тоа е проблем на ДУИ, проблемот е уште поголем што оваа Влада не ги есапи ниту најзагрозените граѓани кои зимава ќе се чудат како да преживеат.

Истовремено, бидејќи решенијата понудени во овој закон најповеќе се однесуваат на ромската популација која очигледно е најпогодена од поскапувањето на струјата, очекував дека ромските коалициони партнери на ВМРО ДПМНЕ конечно ќе се прекршат или ќе се одважат и ќе почнат да го подржуваат донесувањето на овој закон за енергетска сиромаштија. Во интерес на јавноста значи овој закон нуди покривање на сметките за струја во износ од 700 до 1000 денари месечно за неколку категории на домаќинства, меѓу кои домаќинства кои добиваат единствена социјална помош согласно закон, домаќинства кои што немаат ниту еден вработен, а немаат никаков приход, домаќинства кои имаат невработено лице кое што прима надоместок од Агенцијата за вработување, но во висина на социјална парична помош и тоа е единствен приход на домаќинството, домаќинства со повеќе од два члена во кои има еден пензионер што добива минимална пензија и истата повторно е единствен приход на домаќинствата и домаќинства со повеќе од два члена во кои има само еден вработен со минимлна плата чиј износ се движи во висина на социјална парична помош. Колку за илустрација висината на социјалната парична помош според последните податоци на Државниот завод за статистика изнесува не повеќе, односно точно 2.371 денар, значи повторувам 2.371 денар. Ако на овие граѓани не им следува или не следуваат социјални пакети за заштита од енергетска сиромаштија, не знам на кого му следува.

За да се постигне целта на овој закон и на најзагрозените домаќинства да добијат заштита од енерегетската сиромаштија потребни се само 2,5 милиони евра годишно. Зошто велам само? Значи, Владата на ВМРО ДПМНЕ според информациите на медиумите троши 35 милиони евра годишно за себе рекламирање, Владата на ВМРО ДПМНЕ која за само седумдневната прошетка во САД потроши повеќе од 100 илјади евра, а се врати со само два меморандума за разбирање, кои патем вашиот лицемерен шеф Никола Груевски ги критикуваше кога беше во опозиција. Владата на ВМРО ДПМНЕ која предлага мегаломански буџети кој да достигна цифрата од 2,7 милијарди евра кои граѓаните од своите џебови ќе ги покриваат со години не дава позитивно мислење за овој закон затоа што замислете Министерството за финансии не предвидело средства за оваа намена во фискалната стратегија на Република Македонија 2009-2011 година. А кога медиумите, јавноста, граѓаните и опозицијата го прашуваат министерот за финансии колку пари троши Владата за своите реклами, кампањи или како ги нарекувате и каде ги предвидела Владата овие трошоци министерот за финансии молчи како риба во аквариум. Нокти да му вадат не признава колку троши Владата пари за себе рекламирање. Во исто време пратениците на владеачкото мнозинство на седницата на Законодавно-правната комисија која се одржа во четвртокот минатата недела, со едно кревање рака со едно гласање одлучија дека за донесување на овој закон нема ниту уставен основ, ниту има потреба иако една од темелните вредности од нашиот Устав е токму хуманизмот, социјалната правда и солидарност. Значи, со едно кревање рака, со едно гласање, пратениците не владеачкото мнозинство најзагрозените граѓани, посебно на Ромите им ја пратија следнава порака: Зимата, односно оваа зима снаоѓајте како што знаете и умеете, со еден збор Господ нека ви е на помош, а во исто време оваа Влада отвара народни кујни,наводно води социјална политика и на отворањето на овие народни кујни се појавуваат повеќето пратеници од владеачкото мнозинство. Но, тоа не е важно, важно е дека ова владеачко мнозинство гласаше и за Законот за пушење и за Законот за јавна чистота со кои се вовдоа драконски казни кои оваа власт треба да ги искористи за полнење на партиските каси пред следните избори. Дополнително за овие закони објаснувавте и ги правдавте дека биле во согласност со ЕУ директивите. Денеска цел ден дебатираме, а вие молчите и не кажувате дека овој закон за енергетска сиромаштија е токму во согласност со Европските директиви, ама тоа не го кажувате дека е предложен од СДСМ.

Мене ми потполно јасно дека популистичката Влада на лицемерот Никола Груевски и во овој случај ќе постапи на ист начин како со законот со стечајците. Сега преку пратениците на владеачкото мнозинство ќе вели дека нема потреба од донесување на овој закон, дека овој закон не чини, дека не е добар, дека нема пари во буџетот, ама исто како со стечајците непосредно пред локалните и претседателски избори ќе понуди социјални пакети за најзагрозените , односно најранливата група граѓани на Република Македонија. И тогаш одеднаш владеачкот мнозинство ќе се премисли, ќе почне да зборува дека има потреба од вакви мерки, дека владиниот потег е добар, па некој од пратениците дури ќе отидат во некоја ромска населба да се сликаат. Но, СДСМ без разлика на се кога ќе биде предложен ваков проект од страна на Владата ќе го подржи во интерес на обезбедување на социјална заштита за најранливата категорија на граѓани. Впрочем ви понудивме и да го повлечеме овој конктретниов предлог и вие во истиот момент да го предложите како да е од ВМРО ДПМНЕ само да го решиме

преоблемот со најзагрозените и најсиромашни граѓани. Но во исто време сакаме да ве предупредиме дека за било каков проект без разлика дали ќе се работи за социјални пакети или за закон потребен е период за негова имплемнетација. Токму во овој закон и ви е одреден колкав е периодот. На најзагрозените граѓани им е потребна заштита од енергетска сиромаштија во зимскиот преиод. Тоа во го кажавме, така да земете во предвид исклучиво ваша и на Владата ќе биде одговорноста за тоа што најзагрозените граѓани и домаќинства оваа зимја останаа без помош од државата за поскапувањето на струјата и ќе се борат за голо преживување. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Јаневска Наташа, повелете.

**Наташа Јаневска:** Благодарам потпретседателке.

Почитуван колега, многу е чудно како вакви закони секогаш предлагате кога сте во опозиција. Тогаш се сеќавате дека навистина народот нема од што да живее, живее многу тешко. И уште нешто сакам да ви кажам. Велите дека Владата не ги есапи граѓаните. Па Владата е свесна за реалноста. Затоа постојат тие социјални пакети, социјална помош, отворање на народни кујни и затоа имаме најефтина струја во Европа. А што сакате вие? Вие навистина не сакате да им помогнете на граѓаните како што велите, затоа што имавте можност многу години да го сторите тоа, меѓутоа не го направивте. Вие сакате да и помогнете на ЕВН. Сакате точно. Затоа ЕВН не може да ги наплати сметките за струја и преку интервенцијата, значи државата да интервенира за наплата на струјата, вие сакате да и помогнете на ЕВН. Ако толку се интересирате за граѓаните и се грижите за нив ве молам интервенирајте во ЕВН сметките граѓаните да можат да ги наплаќаат на рати, а не во готово како што сега сака ЕВН или да ги исклучува. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска: :** Благодарам и јас.

За контра реплика е пријевен господинот Станковиќ Емилијан, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Почитувана колешке добро ќе беше во текот на денот да се јавите за збор и да говорите за суштинските одредби од овој закон, а не да читате исти реплики кои што ги користат и вашите колеги.

Значи, на предвремените парламентарни избори како и на 5 јули пред 20 месеци, ја добивте довербата на граѓаните, драга пратеничке не да отварате социјални кујни или народни кујни туку да отварате нови работни места за граѓаните и да ги решавате нивните проблеми и да ги преродите како што нели е насловот на вашата многу добра програма “Преродба во 100 чекори надградена и проширена”.

Што се однесува до ЕВН, ЕВН има многу јасни механизми како ги решава проблемите на граѓаните кога не плаќаат струја. Само да ве потсетам дека, не знам дали вие го корисите ЕВН, меѓутоа ЕВН исклучи струја во 3-4 општини каде градоначалници се токму членови на СДСМ. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен гопсодинот Шутаров Васко, повлете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитувана потпретседателке.

Бидејќи ја немам таа можност да интервенирам процедурално, значи ја немам привилегијата на почитуваниот колега Николов кој што толку ревносно се грижеше за бирањето зборови и вокабулар на колегите пратеници, еве сега гледам испровоцирана е уште една процедурална забелешка од него, но сепак забелешкии кон вас, Во дискусијата на претходниот дискутант навистина не се бираа зборови ниту за извршната власт, ниту за претставници на парламентарното мнозинство ниту за колегите пратеници овде. Мислам дека почитуваниот колега испровоцира реплика не само заради тоа туку и заради нешто друго.

Јас би ве прашал вас потпртеседателке колку чини еден бесплатен ден реклама преку Собраниskiот канал за вежбање на социјалдемократија. Социјалдемократите денес си одбраа тема и вежбаат социјалдемократија. Врвот на хипокризијата на социјалдемократите го гледаме токму денес. Јас би сакал искрено да поверувам дека тие се навистина загрижени за енергетската сиромаштија и социјалната категорија граѓани во оваа земја. Но повторувајќи ја истата песна и истата денешна лекција и научените напишани состави што од дома ги донесоа ништо не придонесоа кон текстот кој што ни е донесен во Собрание напишан на колено. Разочарувачко од најголемата опозициона партија е да ни праќа во Собрание таков законски текст и да ни дели лекции како се брани и пишува законска материја. Ова им е напишано на колена. Веројатно и тие се свесни дека во тие законски одредби напишале дека Министерството за труд и социјална политика ќе трансферира средства кон ЕВН во име на социјалната категорија на граѓани заради недовербата на социјалдемократите кон социјално загрозените граѓани или кон што. Слушаме цел ден иста песна дека сите земји од регионот имале донесено ваква законска материја. Освен Хрватска нека нагласт кој и кога. Хрватите донесоа таква материја низ едногодишен социјален дијалог на сите заинтересирани структури од синдикати до потрошувачи, до произведувачи. Зборуваме за политички дијалог почитуван колега Станковиќ. Донесовте законски текст пред нас без никаков социјален дијалог и вие имате право на тоа, ама немате право на патент во име на синдикатите да зборувате како политички субјект во име на социјално загрозените категории. Синдикатот не е ваша сопственост ниту партиска подружница. Каде е во оваа законска одредба социјалниот дијалог за кој

што не предупредуваат извештаите од Европската комисија. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За контра реплика е пријавен господин Станковиќ Емилијан, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Колега Шутаров, мене ми е жал што вие говорите за социјален дијалог, а донесовте закон за работни односи кој што е апсолутно контра потребите и барањата на Сојузот на синдикати на Македонија.

Истовремено сакам да кажам дека и мене ми многу жал што вие не можете да земете процедурално збор, па морате да одговарате вака преку реплики, ама да ве потсетам дека вие го гласавте овој Деловник, а не ние, меѓу кои вие бевте претпоставуам госпдине Шутаров и тогаш кога опозицијата не беше тука и тоа ви стои во последниот извештај на Европската комисија.

А што се однеува до потребата за рекламирање или колку чини денешнава дебата пренос или како што вие милувате да кажете вежбање на социјалдемократијата , сакам со едно контра прашање да ви одговорам: дали знаете вие колку чини десет пати по 12 часа да се репризира седница на Влада на Собраниски канал во услови кога вработените во МРТВ немаат земено плата со месеци. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Господине Николв процедурално, повелете.

**Марјанчо Николов**: Би сакал почитувана потпретседателке да реагирам процедурално на она што господинот Шутаров Васко се обиде да го направи и да инсинуира дека кога се работи за наши пратеници сме се грижеле за вокабуларот, а кога се работи за пратеници од ВМРО ДПМНЕ наводно не сме се грижеле за вокабуларот.

Господине Шутаров, до сега за вас сметав дека сте еден од повоздржаните или покултурните пратеници во Собранието.

Реагирам госпоѓо потпретседателке на тоа што господинот Шутаров го навреди Социјал демократскиот сојуз и ги навреди колегите пратеници. Не можете да дозволите во Собранието во недостиг на аргументи да се користат навреди. Господинот Шутаров се обиде да девалвира една идеја, еден труд на СДСМ и вие господине Шутаров кога се обраќате до Социјалдемкратскиот сојуз треба да внимавте на кој начин се обраќате до нашата пратеничка група и до партијата. Треба да цените кога се трудиме да воспоставиме ред во Собранието.

**Светлана Јакимовска:** Господине Николов, ова е реплика.

**Марјанчо Николов:** Госпоѓо потпретседателке ова не е реплика. Се обидуваме цело време да воспоставиме некој минимум правила на културно однесување во Собранието. Со вакви излагања ве замолувам кога ја напаѓаат пратеничката група на СДСМ воопштено, а користи институт реплика согласно Деловникот да реагирате. Кога го напаѓа СДСМ, а го користи институтот реплика на излагање на колега вие треба да реагирате и да им кажете дека во оваа држава еднаш ред мора да има. Никој не му го дал правото на господинот Шутаров и на ВМРО партиите да ги навредува како сака.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има реплика господинот Бајрам Амди, повелете.

**Амди Бајрам**: Почитувана потпретседателке, почитувани колеги, дами и господа,

Денес со денешнава тема фала Богу прв пат во Парламентот од 12,30 часот почна да се говори и да се спомнуваат на секои 15 минути Ромите. Јас знам, свесен сум, јас сум еден пратеник, не сум како СДСМ, ДУИ, ДПА или ВМРО ДПМНЕ. Јас сум како еден пратеник во коалиција од Сојузот на Ромите. Јас знам дека ме пецкаат цело време и удираат кај Ромите. Знам за струјата, за други работи и се што треба дека на Ромите треба да им се помогне. Јас сум прв за тоа, оној ден кога штрајкуваа кога кажаа, навистина е така, па апелирам од тука друг пат кога ќе излезат Роми или други да штрајкуваат за прекинот на електрична енергија, без разлика што сум во коалиција, апел давам полицијата да не ги тепа, да не ги малтретира не само Ромите туку сите граѓани.

Потполно имаат право сите да излезат да штрајкуваат затоа што ЕВН го направивме приватно, не е под државата, јас сум свесен, тоа е како една продавница идете во колонијал да купувате, така е и со струјата, но ова што го предлагаат добро е да го направиме, но нормално опозиција предлага, никогаш на опозиција не проаѓа, но и јас ќе го подржувам тоа, еве го подржувам нема проблем, ама знам, сигурен сум дека понатаму ние коалицијата кога ќе предложиме нешто и ова ќе биде на еден дневен ред и сигурен сум дека ќе пројде. Еве и таму ќе гласам, ќе ги подржам колегите од СДС, но нормално кога ќе дојде на дневен ред, кога ќе предложиме од ВМРО-ДПМНЕ и од заедничката коалиција ќе пројде и таму ќе гласам за. Што да правиме тоа е тоа. Јас благодарам, цело време ме пецкаат, но мора да кажам нешто. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За контра реплика господинот Станковиќ Емилијан, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Почитуван колега Амди Бајрам, сакам да ви изразам благодарност затоа што се одваживте и дадовте подршка за донесување на овој закон. Би сакал да ве известам дека голем број на Роми дојдоа во просториите на нашата пратеничка група и во партијата и побараа да опстоиме до донесувањето на овој закон за заштита токму на најзагрозените граѓани на Република Македонија. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Има збор господиниот Петров Андреј, повелете.

**Андреј Петров:** Благодарам потпретседателке.

Сакам да се произнесам по однос на оваа точка и законот кој ние го нудиме и сакам да елаборирам

што се причините и зошто сметаме дека ова е една добра работа кој во Парламентот се најде и сметаме на подршка на колегите од позицијата. Претходниот дискутант односно кој реплицираше на колегата Станковиќ кажа, се е добро ама оваа работа доаѓа од опозицијата. Додека така размислуваме, се е добро, но бидејќи доаѓа од опозицијата не можеме да го подржиме, нема далеку да стигнеме. Ако сите декларативно бараме одредено единство, консенсус, разбирање, тогаш добрите идеи без разлика од кого доаѓаат, а се во интерес на граѓаните треба да се подржат.

Гледајќи ја вака дебатата во Парламентот имам чувство дека никој нема практично забелешка на она што денеска го нуди СДСМ и дека само се чека момент кога оваа иницијатива ќе произлезе од другата страна, ќе произлезе од Владата и тогаш ќе биде подржана како што и во некои дискусии беше кажана. Меѓутоа мислам дека тоа не е добро затоа што граѓаните на Република Македонија се соочуваат со еден голем проблем и немаат можност да ги чекаат и гледаат овие наши надмудрувања, што е важно кој е предлагач на одредена иницијатива, одреден проект, на одреден закон, ако сите заедно мислиме дека тоа е во интерес на граѓаните и во оваа ситуација може да помогне. Значи, во оваа ситуација се соочуваме со една дебата само од страна на опозицијата и во однос на репликите кои доаѓаат, а кои се ретки, може да се заклучи дека ваква една постапка, ваков еден предлог кои предлагачите тука го предложија пратеничката група на СДСМ може да биде добар, корисен за граѓаните и дека треба да се подржи.

Сиромаштијата е фатк, ние не можеме да ја избегнеме ние не сме развиена земја од типот на европските држави, од типот на САД зборам за постарите демократии кај кои условите за живот се многу повисоки. Од друга страна се соочуваме со зголемување на цените и тоа е факт. Сите ние кои одиме, пазариме во продавница, гледаме што се случува, гледаме дека не можеш да влезеш во продавница, а да не потрошиш илјада, две илјади денари и тоа е нешто што сите граѓани го гледаат.

Во однос на поскапувањето на цените нема потреба да дебатираме, се зголеми цената на парното. Ние ќе се доведеме во парадоксална ситуација голем дел од нашите граѓани еве тука и го откажуваат парно греењето и се ориентираат на други видови на греење, на струја, на дрва итн, и ние сега дебатираме како со онаа повисока струја кога ќе дојде во декември, сега можеби тоа личи апстрактно, но во декември кога ќе ги добиеме сметките за струја ќе видиме дека навистина тоа ќе се одрази, можеби не нам да бидеме чесни, не на министрите, не на Владата, меѓутоа на најголем дел од граѓаните со нивните примања, со нивната просечна плата околу 15 илјади денари тоа и како ќе се одрази и ќе внесе проблем во семејниот буџет како и што треба да се прескокне, што од домашните обврски треба да се редуцира, што од побарувањето на семејствата, на фамилијата, на децата треба да се редуцира, а да се платат сметките за струја кои ќе доаѓаат. Затоа овој закон се предлага, можеме да ја отвориме дебатата дали 300 киловат часови се онаа можност што Владата може да ја покрие. И ако тоа е проблемот, ако дебатираме за одредена процентуална партиципација во овој минимум кој е потребен за еден граѓанин дајте да ја развиеме дискусијата, да видиме дали од овие 300 киловат ќе се покријат 100%, дали 70%, дали ќе размислуваме на категоризација одредена што ќе ја направиме, меѓутоа тоа мораме да почнеме да го правиме. И бидејќи сега нечесно е да кажеме дека нема потреба од ваква работа, има потреба и тоа како од ваков закон бидејќи најголем дел од земјите и од соседството, значи кога можеле кантони во Босна и Херцеговина да размислуваат за ваква работа, може и Република Македонија да размислува. Да не зборувам за сите останати земји кои веќе имаат свои решенија на свој план.

Исто така ова е поврзани и со неки други работи и треба да ги спомнеме. Многу малку направивме во овој период во користењето на обновливите видови на енергија. Многу малку направивме. Практично незначително се користи соларната енергија, незначително се користи потенцијалот на ветровите, незначително се користи природното богатство кое го имаме и тоа е нешто за што треба да се размислува бидејќи целиот свет, Европската комисија води една специјална политика насочена точно кон овие прашања. Ние имаве разговор како дел на нашата Комисија со колегите од Европскиот парламент и многу јасно ни беше кажано дека тие превземаат мерки и дека и покрај тоа што оваа светска глобална криза ќе се одрази, ќе се трудат да земјите членки на Европската унија ќе ги натераат одредени работи да ги спроведуваат. Затоа, нудејќи го овој закон СДС има само една единствена идеа, како да им олесни на граѓаните во овој момент и како да придобие поголем дел од колегите во Парламентот од парламентарното мнозинство за да ја издејствуваме и за да оваа работа стапи на сила. Исто така има многу примери зошто тоа треба да го направиме. Се спомна од повеќе дискутанти оние случувања што беа со Ромите, меѓутоа не се само Ромите тие категории на граѓани што живеат во тешки услов, многу граѓани во Република Македонија живеат во тешки услови. Колку беше драматична сликата на тие граѓани кои таму се собраа кои ги гледавме на медиумите, толку беше и драматична сликата на еден возач од Скопје, кој отишол во Струмица, од Струмица дошол да земе леб во Скопје и поради протест на граѓаните заради основните човекови права би ракол не може да си ја изврши својата задача. Затоа СДС бара уште еднаш да размислите да не подржите во оваа иницијатива, се соочуваме со нешто што е јасно дека потреба од ваков закон има, да не калкулираме да после месец, два, три непосредно пред изборите се излезе со еден вакова закон. Најдобро е за граѓаните на Република Македонија ако овој закон произлезе

како иницијатива која ќе биде подржана со консензус. Меѓутоа доколку и така биде ние како СДС ќе ја подржиме, без разлика дали ќе предложите вакво или слично законско решение. По еден месец, по два месеци, по три месеци ќе ве подржиме бидејќи тоа е во интерес на граѓаните на Република Македонија. Она што нас не збунува во оваа ситуација е интервјуто на господинот Фатмир Бесими министер за економија во Дневник во кој тој предвидува дека помагањето на материјално загрозените граѓани без да се нарушат пазарните принципи на работење е нешто што е предвидено и е помогнато од Европската банка за обнова и развој со финансиска и техничка помош и дека оваа програма може да се реализира во текот на наредната година. И доколку е така не можеме да пронајдеме ставка во Буџетот на Република Македонија за наредната година која ќе упатува дека вакво нешто се предвидува макар и за наредната година. Затоа крајно време е да се размисли да се оставaт на страна тактизирањата. Сите можеме се да си кажеме и тоа кој што може и кој какви лекции или вежбања држи, тоа е илеревантно за граѓаните, тие не плаќаат, ние ги користиме средствата на буџетските корисници да направиме нешто паметно, а не да тврдиме дали некој вежба, дали не вежба или што прави, срамота е во Парламентот такви зборови да се употребуваат, во Парламентот се дискутира, се работи во интерес на граѓаните, се работи врз база на дневниот ред кој е утврден, не се работи за вежбање. Би повлекол на крајот, ќе преставувало задоволство за нас доколку сега не подржите, меѓутоа ќе претставува пред се интерес на граѓаните на Македонија, но доколку тоа не го направите во оној момент вие кога ќе го предложите тој закон, а ќе биде во интерес на овие категории на граѓани ние ќе ве подржиме без притоа да дебатираме дали и зошто тоа треба да се направи. Благодарам.

(Со седницата продолжи да претседава претседателот на Собранието, господинот Трајко Вељаноски.)

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги,

Денеска имаме Предлог на закон поднесен од страна на СДСМ и овој закон покрај тоа што означува почеток на работа на Собранието според Деловникот воедно обработува една материја која што во моментот во Република Македонија е многу актуелна и засега голем дел од граѓаните на Република Македонија со оглед на сиромаштијата во која што најголем дел од нив живеат. Искрено очекував од колегите од позицијата да дебатираат со аргументи, да укажат зошто можеби законот по првото читање не е добар, да предложат да одат на второ читање со амандмани, да предложат да се поправат оние слабости кои тие ги увиделе. И на комисиите имавме можност да слушнеме мислења од страна на колегите по однос на одредени членови, но за жал тие денеска се определија за еден настап кој што во најмала рака не носи добра слика за самото Собрание, а најмалку за нив како претставници на граѓаните. Но малку подоцна ќе зборувам за ова нивно однесување кое за жал, се обидуваат да девалвираат една добра идеа поднесена од страна на СДСМ. Значи нашата пратеничка група со Законот за заштита од енергетска сиромаштија предлага државата да обезбеди средства со кои што ќе се покриваат трошоците за електрична енергија до 300 коловатчасови на повеќе групи граѓани кои што живеат во тешки услови.

Првата група ги опфаќа домаќинствата кои добиваат постојана социјална парична помош согласно закон.

Втората група ги опфаќа домаќинствата во кој нема ниту еден вработен, кои не се корисници на постојана социјална парична помош и немаат друг извор на приходи.

Третата група ги опфаќа домаќинствата кои имаат невработено лице, корисник на паричен надоместок во случај на невработеност од Агенцијата за вработување кој се движи во висина на постојана социјална парична помош и истиот е единствен приход на домаќинството.

Групата четири ги опфаќа домаќинствата со повеќе од два члена во кој има еден пензионер кој добива минимална пензија и истата е единстен приход на домаќинството.

Петтата група ги опфаќа домаќинствата со повеќе од два члена во која има само еден вработен со минимална плата чиј износ се движи во висина на постојана социјална парична помош и нема други приходи во домаќинството.

Тоа се групите кои што ги предлагаме. Она што беше изложено од страна на колегите од позицијата дека овие категории ги нема во постојниот Закон за социјална заштита и сигурност, навистина не е во ред. Носењето на овој закон и неговата имплементација доколку се прифати да оди во втора фаза, да помине и трета фаза, ќе стапи на сила ќе повлече можеби измена и дополнување на одредени други закони, но тоа не е нешто ново во Собранието или досега не било направено, па сега како главна пречка да се донесе овој закон да биде тоа што можеби не е усогласен со постојните законски решенија. Сетете се само дека вие создадовте една посебна група на граѓани во Република Македонија кога го донесовте Законот за стечајни работници. Значи ги земавте само оние од 2000 и 2004 година, а има стечајни работници кои 2004 година стала стечајни работници, 2005, 2006 нели тогаш ние создадовме посебни категории на граѓани. Толку околу доследноста и принципиелноста на колегите и објаснувањето дека овој закон не е во согласност со другите постојни закони. Околу социјалните услови во кое живее македонското население и кои што беа

главен мотив ние да го поднесеме овој закон би сакал само накратко да кажам некои статистички податоци. Значи, стапката на сиромаштија во Република Македонија години наназад изнесува 30% што е изразито висока стапка. Во оваа група на граѓани кои што влегуваат во оваа ставка на сиромаштија 20% од нив имаат во семејството два или повеќе вработени и повторно не можат да излезат од оваа група на сиромашни луѓе. Според нивното видување минималната плата со која што би можеле да преживеат како семејство се движи меѓу 14 и 16 илјади денари. А колку изнесува социјалната помош во Република Македонија. Според официјалните податоци таа се движи оклу 2.371 денар просечно или за брачниот другар 593 денари и за едно дете до 18 години 593 денари. И сега како овие граѓани можат да ги плаќаат сметките за струја, за вода, за смет, за парно итн. Навистина на сите ни е јасно дека тоа не е можно. Дури и ако земете едно семејство кое што живее од просечна плата која изнесува околу 15.800,00. Според Заводот за статистика потрошувачката кошница е 12.500,00 денари и тука се опфатени само храната и пијалоците. Значи нема тука ставено комунални услуги, нема ставено трошоци за облека и разни други потреб за едно семејство и тие не можат да ги плаќаат своите сметки за електрична енергија и за други комунални услуги, а да не зборуваме за оние што живеат од социјална помош. Навистина колеги ако во членот 35 од Уствот на Република Македонија стои дека Републиката се грижи за социјална заштита и социјална сигурност на граѓаните. Согласно со начелото на социјална правденост ние сме должни ова начело или овој член во Уставот секогаш кога може да го примениме и да го примениме. Моите колеги зборуваа како е во другите земји. Како имаме препораки овој закон да се донесе, но за жал не наидовме на слух од вас колеги од владеачкото мнозинство, но знаете како, вие немате ексклузивно право да цените дека само вие се грижите за граѓаните. Многу од вас овде дискутираа зошто не се предложи овој закон во некое друго време, зошто ова го правиме во интерес на ЕВН или зошто ние за граѓаните ни текнало да поднесуваме ваков закон. Едноставно ниту вас некој ви дал право да бидете ексклузивни застапници на граѓаните и ние нашите мандати ги влечеме и гласови на гласачите.

Тоа што ние сега се обидуваме да поднесеме ваков закон, цениме дека сега е дојден моментот. И покрај вашите ветувања дека Република Македонија ќе ја преродите, дека ќе ја намалите сиромаштијата, дека граѓаните ќе го зголемат животниот стандард, дека ќе живеат многу подобро, и после втората, веќе навлегуваме во третата година од вашето владеење, не се случува. Навистина треба сериозно да се запрашате што вие правите за граѓаните и дали е она тоа што го ветивте во преродбата. А дали ги штитиме интересите на ЕВН навистина такво видување најмалку држи. Тоа го прави Владата сега и за економската криза, им вели на металургиските комбинати вие остварувавте профит, сега грижете се за тоа како да опстанете во услови на економска криза. Меѓутоа, каде се граѓаните, каде се работниците. Ние може овде доутре да се препукуваме кој кого штити овде, на крајот жртви ќе бидат граѓаните до колку не го изгласаме овој закон.

Затоа, ве повикувам во име на предлагачите, веднаш да бидеме навистина пратеници, народни избраници кои својот мандат го црпат од граѓаните, да донесеме еден ваков закон за заштита од енергетска сиромаштија. Нема да ја чини Република Македонија, бидејки средства има, а ќе им помогнеме на многу семејства зимата да не ја поминат во ладни простории или да не ја поминат во мрак. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Јани Макрадули како претставник на предлагачот. Преостанаа уште две минути и 15 секунди.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Пратеници што не прочитале закон, а камо ли напишале, најмалку имаат право да критикуваат дали некој ја сработил добро работата. И на колено да е напишан овој закон, овој закон ќе биде добар за 60 илајди домаќинства во Република Македонија. Да ги погледнеме А-1 вестите во последните три дена. Македонија според куповната моќ се најде на 37-мо место од вкупно 41 европска држава, послаба куповна моќ од Македонија имаат Белорусија, Албанија, Украина и Молдавија. Економската состојба на секое второ семејство во Македонија се влошило во однос на периодот од пред ве години, рецесија во европските земји. Ако не сфаќате што се случува, некој вас, и тоа ви гарантирам, ќе ги тужи, од вас и од граѓаните, ќе ја тужи оваа Влада за најнеодговорен однос во економската сфера што се има случено на Република Македонија.

Во Република Албанија примателите на социјална помош плаќаат само 20% од сметките. Во Република Српска месечен надоместок има за 100 кв часа. Во Република Хрватска има ист ваков закон од 1 јули 2008 година. Во Република Србија 35% за потрошувачка до 450 кв. часови. Во Република Косово Владата исплати 4,6 милиони евра на електроенергетска компанија за 24 илјади потрошувачи кои користат социјална помош. Сите во регионот го имаат овој закон, само додека ги слушате овие експерти од Владата што да правите, а не ги слушате граѓаните, тогаш во Европската комисија ќе ви кажат во областа на енергетиката земјата не е соодветно подготвена. Затоа, наместо 500 милиони денари за автобусите што лажат дека се 300 и наместо 500 милиони за спомениците во Центар, затоа што во Кисела Вода има Тарзан, сега Аларова ќе прави Џејн и Чита, па сега ќе направиме зоолошка од Скопје од споменици. Дајте ги тие милијарда денари за граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејки е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за труд и социјална политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Предлогот на законот за социјална заштита од енергетска сиромаштија не е прифатлив и не може да се даде на натамошно, односно второ читање.

2.Овој заклучок, заедно со извештаите на Комисијата за труд и социјална политика и на Закондоавно-правната комисија, како и стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до предлагачот на законот.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници. Од нив за предложениот заклучок гласаа 53 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против гласаа 17 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме во четврток во 11,00 часот со истава седница.

(Седницата прекина во 17,30 часот)